# ПРОГРАМА

за работа на Владата на Република Северна Македонија
за периодот 2022–2024 година

Мандатор:

**Димитар Ковачевски**

Скопје, 11.01.2022

# Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022–2024 година

Вовед

Забрзан и одржлив економски раст со подобар животен стандард

- Забрзување на економскиот раст
- Енергетска транзиција и одржливост
- Модерна инфраструктура и поврзаност
- Заштита на животната средина, зелен и одржлив развој
- Развојно земјоделство
- Одржлив туризам
- Децентрализација и рамномерен регионален развој

Социјална инклузивност и развој на човечки капитал

- Целосна поддршка на сите социјални категории
- Образование за новото време
- Стабилен и модерен здравствен систем
- Младите во фокусот

Владеење на правото и добро управување

- Владеење на правото, ред, антикорупција и безбедност
- Современа администрација, дигитализирани услуги – граѓанинот на прво место

Унапредување на демократијата и слободата

- Справување со дезинформации
- Граѓанско општество
- Поддршка на демократските реформи во медиумскиот сектор
- Едно општество, еднакво за сите
- Европска култура
- Активно население, спорт и рекреација за сите граѓани

Интеграции, НАТО и ЕУ

- Ние сме НАТО
- Следната цел: членство во ЕУ
- Добрососедство и Отворен Балкан
- Ние во светот

## Вовед

Почитувани граѓани,

Почитувани пратеници,

Пред Вас ја доставувам Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2022-2024 година. Мандатот за работа на Владата се базира на изборната волја на граѓаните од последните парламентарни избори одржани на 15.7.2020 година, парламентарната и политичка поддршка претставена преку зголемено мнозинство на пратеници и довербата за спроведување на политиките дефинирани во Програмата за работа на Владата во периодот 2020-2024 и донесените стратешки документи за нејзино спроведување во изминатиот период.

Зад нас оставаме исклучително тежок и предизвикувачки период. Здравствените и економско-социјалните ризици оставија сериозни и негативни последици за нашите граѓани и држава. И во такви услови, успеавме да се соочиме со нив, да го одржуваме и надградуваме здравствениот систем во поддршка на личното и колективно здравје, да ја одржиме и подобриме вкупната економска активност и да го сочуваме животниот стандард на населението. Кризата предизвикана од пандемијата ги засили предизвиците, ги потенцираше системските и лични слабости, исто така овозможи мобилизирање на севкупниот национален човечки и институционален капацитет во справување со истата.

Предизвиците не исчезнаа, ниту тоа е можно да се случи веднаш и одеднаш. Пандемијата е сè уште активна, а дополнително се наоѓаме во надворешно генерирана енергетска криза и во амбиент со сериозни интерни влијанија од надворешно генерираните инфлаторни движења.

Досегашните искуства од работењето на претходната Влада, направените објективни анализии нужноста за промени како предуслов за борба со постоечките и новите предизвици, резултираа со потребата за избор на нова Влада.

Клучната обврска на новата Влада е да ја зголеми ефикасноста и успешноста во реализација на стратешките правци и политиките за кои граѓаните дадоа доверба на парламентарното мнозинство.

Конкретно, политиките да продолжат, да се подобрат и дополнат, но пред сè, да се зајакне институционалниот капацитет и механизам за генерирање на резултати, позитивни исходи и

видливи и мерливи ефекти за граѓаните и економијата. Покрај краткорочните цели и справувањето со актулените предизвици, преку еден инклузивен процес и широка дебата ќе развиеме стратешки цели и приоритети за долгорочен национален развој.

Тоа е нашата основна задача. Да ги надминеме старите, подобро да се справиме со новите предизвици и да успееме во трансформацијата на нашата економија за потребите на новото време.

Нудиме продолжување и интензивирање на политиките за забрзан економски раст и развој на државата, базиран на континуирани високи стапки на раст, зголемување на домашните и на странските инвестиции и директна поддршка на личната потрошувачка преку зголемување на минималната и просечната плата и пензиите.

Ќе сториме сѐ стапката на инфлација да биде стабилна, како предуслов за одржување на предвидливото и растечко економско окружување и активност, според обезбедениот План за поддршка и зголемување на животниот стандард и куповната моќ на населението. Здравствената и социјалната заштита и поддршка на населението се зајакнува, како што фундамент на нашите политики и акции станува човечкиот капитал генерално и конкретно.

Очекуваме рапидно зголемување на реализацијата на капиталните инвестиции, пред сѐ во стратешката инфраструктура во Коридорот 8 и регионалните и локалните инфраструктурни проекти. Планираме на објективна основа, како резултат на Владината поддршка, но и како последица на одлуките на економските субјекти, зголемување на нивото на домашни и странски инвестиции. Директната и фокусирана поддршка ќе се зголеми, како што даночните и неданочни оптоварувања ќе останат идентични, ниски и предвидливи. Започнуваме процес на дополнителна поддршка за намалување на парафискалните давачки и зајакнување на финансиските стимулации за директна поддршка на бизнисот. Ќе ја реорганизираме, ќе ја реконфигурираме и ќе воведеме дополнителни форми за поефикасно работење на државната и јавна администрација на сите нивоа. Сосема сме свесни дека ефикасна, растечка и продуктивна економија подразбира бескомпромисна борба против криминалот и корупцијата и целосно и ефективно владеење на правото и правната држава на сите нивоа. За Владата овие политики се највисок приоритет и примарен фокус, со обврска за видливи резултати и сигнификантни позитивни промени во текот на мандатот.

Очекуваме, низ директен, транспарентен и инклузивен дијалог, да ги надминеме предизвиците за формален и институционален почеток на преговори за полноправно членство во Европската Унија, со зачувување на нашиот национален и државен идентитет и засебност. Убедени сме дека

почетокот на преговорите ќе генерира врвен импулс и стратешки придонес во растот и развојот на нашата држава.

Во иницирањето и спроведувањето на стратешките политики ќе бидеме целосно отворени, транспарентни и ќе нудиме партнерски однос со сите прогресивни политички, економски и социјални домашни и меѓународни фактори. Веруваме дека обврската за подобра иднина на нашите граѓани е заедничка, а Владата ја има и ќе ја превземе најголемата одговорност. Покрај краткорочните цели и справувањето со актуелните предизвици, преку еден инклузивен процес и широка дебата, ќе развиеме стратешки цели и приоритети за долгорочен национален развој.

Во 2022 година прв и основен приоритет ќе претставува националниот одговор на енерегетската криза. Конечно мора да превземеме суштински, долгорочни и стратешки мерки за да ја спроведеме енергетската транзиција. За тоа да се случи имаме План, кој ќе го комуницираме и разработиме со домашната и со меѓународната експертска јавност. Краткорочните мерки за намалување на негативните ефекти се подготвени, но нашата цел е да започнеме енергетска транзиција која ќе овозможи Република Северна Македонија да ја стекне својата енергетска самостојност и независност базирана на обновливи извори на енергија, со зелена, достапна за сите и ценовно ефективна енергија. Убедени сме дека за тоа имаме капацитет и знаење, идентично како што имаме цврста волја тоа да го спроведеме и да успееме.

Основата ја имаме, човечкиот капитал ќе го ангажираме целосно, фокусот е засилен. Ќе работиме со целосна посветеност, организираност, чесност и јавност, за со нова и повисока ефикасност да оствариме резултати за нашите граѓани и држава.

Веруваме дека заедно ќе успееме!

*Димитар Ковачевски*

# Забрзан и одржлив економски раст со подобар животен стандард

## Забрзување на економскиот раст

Клучна цел на економската политика на Владата ќе биде креирање на забрзан и одржлив раст на економијата и пораст на БДП со забрзување на стапките на економски раст на среден рок од 2,5 %, на 5% просечен раст, притоа одржување на фискалната стабилност преку мобилизирање на капитал од приватниот сектор како дополнување на финансиските средства од буџетот и задолжувањата.

Темелот на сите економски политики е остварување на високи и континуирани стапки на економски раст, базирани на солидно воспоставената основа во изминатиот мандат на Владата и очекувањата за зголемувањето на обемот и имплементацијата на домашни и странски инвестиции, инвестиции во јавни и приватни проекти, како и значајно зголемување на ефикасноста во реализацијата на капиталните инвестиции (КАПЕФ механизам).

Главен предизвик останува соочувањето со ефектите од пандемијата КОВИД-19 врз економијата и социјално загрозените категории, како и потребата за заштита на здравјето и животите на граѓаните. Исто така, енергетската криза и цените на енергенсите на светските пазари претставуваат голем предизвик за економијата на која ќе одговориме решително со мерки во насока на обезбедување потребна енергија за да нема рестрикции, ублажување на ефектот на цените на електрична енергија во регулираниот пазар, како и финансиска поддршка за енергенси за социјално загрозените категории граѓани.

За таа цел изработивме План за забрзан економски раст ко претставува генерална рамка која се состои од сите елементи кои би можеле да придонесат за зголемување на потенцијалот за раст на економијата на среден рок. Овој капитален документ,кој е резултат на инклузивен, експертски и широк процес на дебата и имплементација на најдобрите меѓународни и домашни практики и искуства, дополнително целосно поддржан од сите меѓународни релевантни економско-финансиски институции и партнери на државата, ќе овозможат високо значајна, видлива и реално остварлива економска трансформација на економијата и ќе придонесе за повисоки стапки на раст и развој.

Планот за забрзан економски раст ќе има клучна улога во поттикнување нови работни места и поттикнување на растот на економијата во Република Северна Македонија. Крајните цели одат во три насоки: 1) Зголемени инвестиции, односно да се овозможи поефективно користење на јавните инвестиции со мобилизирање на дополнителни инвестирани од страна на приватниот

сектор, 2) Забрзан раст, удвојување на стапките на економски раст на среден рок, и 3) Обезбедување фискална консолидација.

Важно е да се истакне дека со Планот, исто така, се воспоставуваат Насоки за спроведување со кои се дефинираат приоритетите, чекорите и алатките, во смисла на временската рамка и заложбата и одговорноста на ресорните министерства и другите национални институции.

Владата ќе поддржи инвестициски проекти и во јавниот и приватниот сектор, кои ќе значат подобрување на конкурентноста на економијата и подобрување на квалитетот на живот, а ќе се концентрирани во повеќе приоритетни области: зелена економија, дигитализација, иновации и технолошки развој, развој на физичката инфраструктура и човечкиот капитал, како и социјална кохезија.

Целите на Планот за забрзан економски раст ќе се остваруваат преку комбинација на традиционални и иновативни **инструменти за финансирање,** и тоа: механизмот за поголема ефикасност на капиталните расходи, развојната обврзница, проектните обврзници, зелените обврзници, обврзница индексирана на инфлација, јавно-приватните партнерства, управувањето со јавни средства, гарантната шема, Фондот за енергетска ефикасност, Фондот за локален и регионален развој, Фондот за развој, Фондот за поддршка на мали и средни претпријатија за нивен раст и развој, Стратешкиот зелен инвестициски фонд, Фондот за зголемување финансиски средства, Фондовите за ризичен капитал, и групното финансирање (краундфандинг). Секој од инструментите носи сопствен мултипликативен ефект, што директно влијае на стапките на раст.

Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст е заснован на: 1) Фискална консолидација – преку утврдување на мерки за рационализација по одделни категории на расходи, активности и мерки за подобрувањето на ефикасноста и ефективноста на системот за наплата на јавните приходи кои ќе обезбедат поголема наплата и подобрување на приходната страна на буџетот, а претставени се и нови извори и модели на буџетско финансирање; 2) Конзистентност на политиките во процесот на буџетско планирање – преку целосна поврзаност на буџетското планирање со Програмата на Владата, секторските стратегии, како и нужноста од поврзаност со Програмата за економски реформи; и 3) Развој на повеќегодишни индикатори за мерење на успешноста во реализација на политиките во буџетот - со цел мерење на ефектите од буџетските расходи во однос на резултатите при обезбедувањето јавни добра и услуги кои ги даваат буџетските корисници.

Задолжувањето ќе остане умерено, со оптимизација на формите на домашно и надворешно задолжување. Од големо значење е потврдувањето на кредитниот рејтинг на земјата од

кредитните агенции, а како резултат на спроведувањето добри политики и тоа во услови на криза. Оттаму, клучен предизвик за нас останува фокусирање на намената на средствата и влијанието на задолжувањето во трансформацијата на економијата и растот и развојот.

Особено го истакнуваме успехот во порастот на даночните и неданочните приходи во 2021 година, во споредба со 2020, но и 2019 година, кој очекуваме да продолжи и како раст на економската активност и вработеноста, но и како резултат на предвидените политики за сериозно намалување на неформалната економија и даночната евазија. Исполнувањето на даночните и неданочните обврски мора да важи за сите и во тој поглед, компромис нема да има.

Целта на Владата е да обезбеди праведен, ефикасен, транспарентен и современ даночен систем кој ќе се темели на современи дигитални технологиии и иновации во оданочувањето, во функција на постигнување на забрзан, инклузивен и одржлив економски раст.

Во 2022 година не предвидуваме промена на даночните стапки кај сите видови даноци, како и стапките на социјалните придонеси. Отпочната е реформа на даночниот систем со фокус на зајакната наплата во детектираните дејности и силна борба против неформалната економија. Даночниот систем мора да биде предмет на усогласени и консензуални политики, и за нив ќе дебатираме со сите засегнати страни. Примарниот фокус на краток и среден рок ќе претставува целосниот опфат на даночните обврзници, неселективноста и ефикасноста.

Активностите кои ќе се реализираат ќе бидат во целосна согласност со Стратегијата за реформа на даночниот систем и фокусирани на следните стратешки приоритети:

Приоритет 1 – **Поголема праведност во оданочувањето** со цел да се обезбеди секој да ја исполнува својата општествена обврска и да го плаќа својот праведен удел од данокот. За наредните пет години, главниот фокус ќе биде воспоставување вертикална праведност, која може да се смета за пошироко решение од прогресивноста на даноците. Очекуваните резултати се новодизајниран модел за праведно оданочување, имплементација на стандардите за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот (БЕПС), преглед на националното законодавство, со цел исполнување на барањата за ЕУ.

Приоритет 2 – **Поголема ефикасност и ефективност на даночниот систем за подобра наплата на приходите** преку поефикасна борба против нерегистрираните дејности и затајувањето данок и зајакнат институционален капацитет, анализа и доуредување на даночната основа, намалување на заостанатите даночни обврски и спроведување на регистар на вистински сопственици. Некои од мерките предвидени за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на системот за наплата на даноците се преглед на постојната даночна

регулатива, воведување на напредни технологии, зајакнување на капацитетите на институциите, модернизација и автоматизација на работните процеси, засилена институционална координација, како и подобра соработка на меѓународно ниво.

Приоритет 3 – **Зголемена даночна транспарентност** што вклучува подобрување на размената на информации помеѓу даночните органи и други субјекти, која во прв ред ќе се заснова на електронски услуги и дигитализација на процесите. Овој приоритет се очекува да доведе до зголемена фискална писменост и поголема доброволна даночна усогласеност.

Приоритет 4 – **Подобар квалитет на услугите** на начин кој ги поедноставува и забрзува постапките и го намалува административниот товар. Целните резултати се поголем степен на дигитални услуги, подобро управување со издавањето на увозно-извозни дозволи, елиминирање на непотребните нетарифни бариери и подобра внатрешна и даночна контрола.

Приоритет 5 – **Дизајнирање на еколошки („зелени“) даночни политики** со цел стимулирање на даночните обврзници да го намалат своето однесување и/или активностите кои придонесуваат за загадување. Главната цел е справување со загадувањето и заштита на природните ресурси со цел да се постигне одржлив економски развој.

Владата целосно ќе се насочи кон дигитализација на процесите по институциите со цел креирање на ефикасни и ефективни системи на добро управување со зголемена транспарентнсот и отчетност во управување на јавните финансии.

За таа цел ќе се продолжи со воспоставување на ***Интегрираниот систем за управување со јавните финансии***. ИФМИС системот кој е во тек на имплементација од страна на Министерството за Финансии, и кој во основа го користи претходниот Систем за Јавни финансии, има за задача на едно централизирано место да ги инкорпорира сите сметки на буџетските корисници. Ова се прави со цел поголема ефикасност и ефективност на системот за јавни финансии, побрза комуникација помеѓу сите буџетски корисници, поефикасно и навремено планирање на јавните финансии, како и подобра техничка функционалност на целиот систем. Од друга страна со имплементација на ИФМИС се подобрува одговорноста и отчетноста на сите државни институции, воведен е мониторинг на сите буџетски трансакции, и граѓаните имаат можност да ги следат сите исплати од буџетот на веб страната на МФ, што дополнително претставува гаранција за транспарентното трошење на јавните пари.

Креирањето на ***Информацискиот систем за управување со државната помош*** ќе овозможи целосно дигитиализирање на процесите со кои управувват државните инсититуции со механизмост на државна помош кон различни целни групи. Тоа ќе значи целосно онлајн

аплицирање за државна помош со што со што ја минимизираме можноста на субјективизам при одлучување и ја зголемува ефикасноста на процесирање на барањата.

Информацискиот систем за управување со државната помош ќе овозможува следење и известување на целокупната државна помош во 11 институции. Истовремено ќе овозможи мерење на ефективноста на трошењето на јавни пари за различни сектори во економијата и ќе претставува суштинска подлога во креирање на развојните политики во иднина.

Останувамe посветени на фокусирана, директна и продуктивна финансиска поддршка на бизнисот и населението, како што тоа успешно се реализираше во најтешките услови на пандемијата. Одговорно тврдиме дека ќе продолжи континуирана исплата на платите, пензиите и социјалната помош. Дополнително, тие ќе растат. Приватниот сектор и најпогодените дејности и области и понатаму ќе бидат финансиски поддржани.

Очекуваме и ќе поддржиме раст на вкупната активност на бизнис секторот преку воведување на нови, за национални услови, иновативни и ефикасни начини за пристап до капитал, инструменти, фондови и извори на финансирање со кои предвидуваме привлекување и алоцирање на инвестиции токму од приватниот сектор. Со тоа, директно и ефикасно ќе се влијае на зголемување на бруто инвестициите, на забрзан раст на брутодомашниот производ и пред сѐ во генерирањето на нови и повисоко платени работни места.

Во таа смисла, предвидуваме понатамошен раст на индустриското производство и раст на извозот, за кој имаме план за диверзификација на структурата и фокусирање на извозот на домашните компании, покрај потребата за нивно поврзување со деловната активност на постоечките и новите странски компании кои оперираат во ТИРЗ.

Конкретно, преку ефикасна имплементација на подготвените иновативни и стратешки проекти за развој на постоечките и привлекување на нови странски директни инвестиции во ТИРЗ, односно преку програмите : (1)Старт на Стратешки зелен инвестициски фонд, наменет за мобилизирање на средства од приватни извори за поттикнување на инвестиции во зелени објекти, зелени технологии, инфраструктура и технолошко унапредување на домашни компании; (2) Нова програма за поттикнување на инвестиции #РастемеЗаедно, со основна намена за привлекување на инвестиции со поголема додадена вредност и компании кои инвестираат во иновации и истражување и развој и преку (3) Нова Методологија за државна поддршка за поттикнување на инвестиции, базирана на нови алатки воведени во Дирекцијата за ТИРЗ за проценка на „повратот на средства“ за државата по основ на придонеси, данок на добивка и пресонален данок; (4) Индивидуализираниот пакет за поддршка за инвеститори (паметен пристап) и (5) Дополнителниот развој на системот за after care на странските инвестиции, очекуваме да се постигнат исклучително високи и мерливи ефекти и резултати.

Во таа смисла, проектираните очекувани цели и резултати се генерирање на: (1) 1 милијарда евра инвестиции во ТИРЗ во период 2021 – 2024 (100% раст во однос на ниво постигнато во период 2010 – 2020), (2) создавање на 14.000 нови работни места во ТИРЗ во период 2021 – 2024 (100% раст во однос на број генериран во период 2010 – 2020) и среднорочен придонес кон раст на БДП до 1% поен до 2026 како и најмалку 8 милијарди денари годишни приходи во Буџет до 2026 (300% раст во однос на ниво достигнато во 2020).

Со воведувањето на нов „паметен" пристап во работењето и поттикнување на инвестициите, покрај наведените цели, очекуваме продолжување на зголемениот пораст на вработеноста во Зоните и пред сè продолжување на растот на платите, преку поттикнување на растот на продуктивност на трудот, преку обезбедување на ко-финансирање од државата за компаниите кои ќе вложат средства во развој на вештини на вработените, а со цел постигнување одредена (повисока) динамика на раст на продуктивноста на трудот.

Воведуваме и посебна програма за специфична поддршка на домашните компании преку технолошко унапредување на домашните компании, со фокус на домашни средни и големи компании, кои ќе можат да користат средства до 1 милион евра (до 70% од вредноста на инвестицискиот проект) за технолошко унапредување (нови технологии, воведување на стандарди за квалитет и развој на вештини), како поддршка за постигнување на потребните стандарди за домашните компании за соработка (влез во вредносни синџири) со компаниите во ТИРЗ, но и со странските инвеститори во регионот.

Во исто време, ќе го започнеме процесот за сериозно намалување и укинување на парафискалните давачки кои го оптоваруваат бизнис секторот, како што ќе го реконфигурираме моделот за административни услуги за граѓаните, кој мора да биде ефикасен, брз, објективен и со намалени трошоци. Столбот на таа промена ќе претставува целосна дигитализација и бескромпромисна борба против корупцијата на сите нивоа.

Мерките на Владата за вложување во домашните старт-ап компании се распределени во три столба: стимулирање на развојот на старт-ап еко системот, подобрување на условите за работа и подобрување на условите за пристап до финансии.

Првиот столб – стимулирањето на развојот на старт-ап еко системот подразбира да се подобри регулативата за развој на иновациската дејност, да се искреираат дополнителни, нови инструменти за поддршка на старт-апите кои ќе бидат во тек со глобалните трендови, да се формираат центри за развој на старт-апи, да се подобрат условите за престој на дигитални номади, како и да се создаде регистар на старт-апи во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во однос на пакетот мерки опфатени во вториот столб, кои би требало да ги подобрат условите за работа, планирани се следниве активности: Овозможување регистрација на нов тип на друштво, поедноставено друштво со ограничена одговорност (ПДОО), олеснување на процесот на ликвидација за старт-ап компании, зголемување на флексибилноста на условите за работа, дерегулација на работењето надвор од седиштето на друштвото (работа од дома).

Пристапот до финансии е еден од најважните елементи за развој на секој проект, во овој дел ќе следат олеснувања за влез на надворешни инвеститори, даночни олеснувања и ослободувања за инвеститорите, даночни олеснувања и ослободувања за старт-апи.

Остануваме посветени на намалувањето на даночните оптоварувања на ИТ компаниите.

Стапката на невработеноста во моментов е на ниво од 15,7% што е најниско ниво во поновата македонска историја. Согласно Планот за забрзан економски раст, со растот на инвестициите, стапката на вработување се предвидува да се зголеми на 51,1% во 2024, односно 54,1% во 2026 година, а стапката на невработеност во 2024 да достигне 11,4 % додека за првпат да влезе во едноцифрена зона од 8,6% до крајот на 2026 година. Секако, дека напорите на Владата е тоа да се оствари многу порано.

Порастот на минималната плата ќе продолжи. Оваа Влада го цени и вреднува трудот на работникот, особено во услови на пандемија,енергетска криза и инфлаторни притисоци. Владата негува однос кон унапредување на економскиот стандард на граѓаните со пониски примања кој е искрен, чесен и реално остварлив. Низ инклузивен процес, со вклучување на сите релевантни фактори, синдикати, комори, ќе дојдеме до прифатливи решенија за сите заинтересирани страни. Зголемувањето на минималната и просечната плата има директно влијание врз подобрувањето на стандардот на граѓаните и ја стимулира економската активност, продуктивноста на трудот, како и конкуренцијата. Истовремено,се преземаат мерки и активности за подобрување на продуктивноста на трудот и вкупната внатрешна и надворешна конкурентност на економијата.

Фокусот на Владата преку економските политики и мерки е кумулативниот раст на продуктивноста на трудот да достигне до 15% за да овозможиме и реално зголемување на нетоплатата низ целата економија за најмалку 13,4%.

Со овие активности се придонесува за зголемување на просечната плата за над 3.100 денари или за 50 евра повеќе на месечно ниво. До крајот на мандатот на Владата, проектираме просечната плата да изнесува 34.000 денари, базирано на континуираниот раст на просечната нето плата во изминатиот период.

Одржувањето на куповната моќ на населението, економската стабилност и предвидливост, подразбира и координирани и интегрирани монетарни и фискални политики, преку кои предвидуваме стабилен курс на денарот и стабилно ниво на инфлација, во услови на влошени глобални трендови и ризици од екстерни инфлаторни притисоци. Фискалната и монетарната политика се координирани и континуирано ги следат случувањата по однос на инфлацијата и нивото на цените, при што ќе останат усогласени во одговорите кон предизвиците.

Девизниот курс на денарот е стабилен и нивото на девизните резерви е соодветен за одбрана на стабилноста на курсот.

Кредитната активност и кај домаќинствата и кај претпријатијата покажува тренд на нагорна линија, додека депозитната база исто така е стабилна, што укажува на постоење на сигурен и стабилен банкарски сектор што обезбедува доверба кај целокупното население.

Развојот на финтек-секторот ќе придонесе за зголемување на конкуренцијата, што ќе доведе до поголем и полесен пристап за граѓаните до нови видови финансиски услуги, но и до поевтини финасиски услуги. Релевантните институции преземаат повеќе активности за создавање околина во која ќе се развива финтек-секторот. Воедно, со новиот Предлог-закон за платежни услуги и платни системи се овозможува влез на пазарот на нови платежни институции, кои како даватели на платежни услуги се пред сè од финтек-секторот, и истите ќе ја поттикнат дигиталната трансформација и ќе бидат двигатели на иновативни и дигитализирани платежни услуги, а со што ќе ја засилат конкуренцијата на пазарот што ќе значи подобри платежни услуги по пониски цени.

Развојот на финансиските пазари значи поттик за влез на странски инвеститори, поголема конкуренција, подобри финансиски услуги и производи и за граѓаните и за компаниите, а преку тоа придонес и во растот на БДП. Владата преку соодветни законски решенија ги олеснува условите за работење на субјектите во областа на финансискиот систем, притоа важно е да се создадат услови финансиските институции да понудат што е можно поширок опсег на финансиски производи и услуги согласно потребите на граѓаните и компаниите, како и обезбедување алтернативни извори на финансирање со цел поголема поддршка на приватниот сектор и иновациите.

Сакаме да се приклучиме на новите глобални текови, кои сериозно прогресираат и во најразвиените финансиски системи. Владата на Република Северна Македонија ќе им овозможи на граѓаните кои поседуваат биткоини или други стабилни криптосредства да ги разменуваат на легален начин, а домашните компании да вршат трговија кон странство во криптосредства кон своите добавувачи.

Ова ќе биде дозволено со законско решение кое Владата и Министерството за финансии ќе го изработат во соработка со Народната банка и во консултација со комерцијалните банки во државата, а ќе бидат консултирани и релевантни експерти на оваа тема. Формалното решение ќе ги следи регулативите и препораките на Европската Унија за регулирање на пазарот на крипто средствата. Во овој контекст ќе се воведуваат и решенија за заштитни механизми против евентуални злоупотреби, како и во однос на спречување на перењето пари и намалување на неформалната економија.

Формализацијата на тргувањето со криптовалути ќе донесе и даночен прилив во економијата на Северна Македонија на долг рок, а ќе ги привлече и потенцијалните криптоинвеститори од светот. Секако дека за тие што ќе решат да користат криптосредства останува препораката претходно добро да се информираат за природата на криптосредствата, како и пазарниот ризик што го носат тие како инвеститори во криптосредства.

## Енергетска транзиција и одржливост

Долгиот период, без нови и конкретни енергетски инвестиции, а со многу ветувања за нови енергетски инфраструктурни проекти, придонесе во екот на европската енергетска криза со електрична енергија и со природниот гас, Република Северна Македонија, како увозно зависна земја од енергенси, да се најде во незавидна состојба, а тоа е голем предизвик и огромен поттик за Владата уште поенергично и посериозно да се посвети на инвестиции во енергетскиот сектор.

За Владата, овој момент мора да се искористи за сериозна енергетска транзиција и промена на енергетската структура на државата. Конкретно, Владата ќе дејствува кон успешна енергетска транзиција која на краток, среден и долг рок ќе обезбеди сигурност со снабдувањето на енергенси, одржливост на енергетскиот систем и ќе биде ценовно прифатлива за сите граѓани и економски субјекти.

Фокусот на обновливите извори на енергија и ефикасното искористување на расположливите природни ресурси, како што се сонцето, ветерот и водата претставуваат основа на македонската енергетска транзиција.

Следејќи ги добрите политики и практики на Европската Унија, визијата на Владата во следниот период е развој на сигурен, ефикасен, еколошки и конкурентен енергетски систем што е способен да го поддржи одржливиот економски раст на земјата.

Зголемување на домашното производство на електрична енергија преку инвестиции во нови енергетски инфраструктурни проекти од страна на државата преку АД ЕСМ, базирани на обновливи извори на енергија, но и преку моделот на јавно приватно партнерство и Законот за стратешки инвестициони проекти е вистинскиот пат кон обезбедување на енергетската независност на Северна Македонија.

АД ТЕЦ Неготино ќе биде дел од АД ЕСМ и во најкус рок ќе биде трансформиран и прилагоден да работи на природен гас. Во овој мандат на Владата, ќе започне отворање на рудникот Живојно, со цел обезбедување на домашни количини на јаглен за стабилно производство на електрична енергија во РЕК Битола на среден рок.

АД ЕСМ ќе ја спроведе третата фаза од ревитализацијата и модернизацијата на големите хидроелектрани. Врз основа на изработените технички студии со поддршка на EBRD и KfW ќе се изградат нови 160 MW на фотонапонски електрани во РЕК Битола и дополнителни 10 MW на фотонапонска електрана во РЕК Осломеј. Започната е и изградбата на топловодот од РЕК Битола до градот Битола и Новаци, а дополнително АД ЕСМ ќе започне со проектирање на нова когенеративна гасна електрана со капацитет од 250 MW, која ќе произведува топлинска и електрична енергија во РЕК Битола.

Ќе продолжи втората фаза од тендерската постапка за избор на најповолен понудувач за изградба на ХЕЦ Чебрен во која учествуваат дел од најголемите енергетски компании од Европа и светот. До крајот на 2022 година очекуваме да се потпише договорот за концесија со приватниот инвеститор за изградба на ХЕЦ Чебрен.

Главни двигатели на македонската енергетска транзиција покрај изградбата на ХЕЦ Чебрен ќе бидат и фотонапонските електрани и ветерните електрани.

До крајот на 2022 година, очекуваме да бидат пуштени во употреба 60 MW на фотонапонски електрани по моделот на премиум тарифи, како и двете фотонапонски електрани со вкупен капацитет од 100 MW кои ќе се градат по моделот на јавно приватно партнерство со АД ЕСМ во РЕК Осломеј. Само со овие два проекта и со веќе изградената фотонапонска електрана со инсталиран капацитет од 10 MW во Осломеј, за десетпати е зголемен вкупниот изграден капацитет на фотонапонски електрани во изминатите 15 години.

Во првите три месеци од 2022 година ќе бидат потпишани и новите договори за изградба на фотонапонски електрани со премиум тарифи, за вкупно 80 MW кои ќе бидат изградени до крајот на мандатот на оваа Влада.

Во текот на првите три месеци од новиот мандат, ќе биде објавен и нов тендер за изградба на фотонапонски електрани со премиум тарифи за најмалку 70 MW кои, исто така, ќе бидат изградени до крајот на мандатот на оваа Влада. Вкупно, преку премиум тарифите, ќе се реализираат инвестиции во фотонапонски електрани со капацитет од 200 MW.

Во првите три месеци од новиот мандат до Собранието на Република Северна Македонија ќе бидат доставени неколку закони за реализација на стратешките инвестиции за големи инфраструктурни енергетски проекти со предвидени инвестиции над една милјарда евра, и тоа:

- Еден од најголемите ветерни паркови во регионот, Ветерен парк Вирови со инсталиран капацитет од 414 MW на територијата на општините Крива Паланка, Старо Нагоричане и Ранковце со планирана инвестиција од над 500 милиони евра од страна на германската компанија WPD Europe;
- Сончев парк Стипион на територијата на општина Штип со инсталиран капацитет од околу 360 MW и предвидена инвестиција од околу 270 милиони евра од страна на француската компанија АКУО Енерџи;
- Сончев Парк Ерџелија со инсталиран капацитет од 85 MW со предвидена инвестиција од околу 55 милиони евра од британската компанија ЕФТ;
- Сончевите паркови во Долни Балван, Штип и Пехчево со инсталиран капацитет од над 450 MW и предвидена инвестиција од над 300 милиони евра.

Во услови на енергетска криза, но пред сè во релација со енергетската транзиција, на граѓаните и компаниите ќе им бидат овозможениолеснети и либерализирани услови за инсталирање на фотонапонски електрани на своите кровови, со цел задоволување на сопствените потреби на електрична енергија, а вишоците да можат да ги продаваат по подобри услови од сегашните. Ќе се укине ограничувањето по инсталиран капацитет и за домаќинствата и за индустриските потрошувачи. Во првите три месеци од мандатот на оваа Влада ќе биде предложен нов посебен закон за изградба на фотонапонски електрани со кој ќе се решат проблемите со досегашните административни процедури.

До крајот на мандатот на оваа Влада ќе заврши изградбата на 400 kV интерконективниот далекувод Битола – Елбасан и 400 kV трафостаница во Охрид.

Во однос на гасификацијата, остануваат уште 10 км од изградбата на магистралниот гасовод Скопје – Тетово – Гостивар кои ќе бидат завршени во 2022 година, а за само три години започнувајќи од 2018 година беа изградени 186 км од магистралниот гасовод. Изградбата на гасоводот ќе продолжи и до Кичево, Дебар, Охрид и Струга. До крајот на 2022 година ќе се избере и приватен инвеститор кој по пат на јавно приватно партнерство ќе ја развива дистрибутивната мрежа за природен гас во македонските општини.

Ќе продолжи големиот проект за диверзификација на изворите со природен гас, со кој покрај рускиот гас го правиме достапен и азербејџанскиот гас преку изградба на интерконективниот гасовод со Грција и поврзување со Трансјадранскиот гасовод – ТАП.

Исклучително е значаен за енергетската одржливост и имплеменетацијата на достапноста на LNG кој може да се обезбеди од САД, Катар, Алжир и други земји преку учеството во регионалниот проект за изградба на LNG терминалот во Александропули и користењето електрична енергија од гасната електрана во Александропули. Рокот за имплементација на овој меѓународно стартешки проект е 2024 година.

Овие проекти ќе овозможат поевтини енергенси на македонската индустрија, со цел зголемување на конкурентноста на македонската економија.

Продолжува и директната поддршка за граѓаните, преку програмите на Министерството за економија, со обезбедување на субвенции за поставување на соларни термални системи, фотонапонски системи на кров, купување на печки на пелети, замена на стари прозорци и врати со нови (ПВЦ или алуминиумски), како и обезбедување дополнителни финансиски средства за ранливите категории граѓани.

Ќе се формира и фонд за енергетска ефикасност, во рамките на Развојната банка на Северна Македонија, преку обезбедување на грант финансиски средства од Светска банка, со цел поддршка на спроведување на мерките на енергетска ефикасност во јавни згради и установи на целата територија на Северна Македонија.

## Модерна инфраструктура и поврзаност

Безбедноста и модернизацијата на патната инфраструктура е врвен приоритет на оваа Влада, поради зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето за транспорт и логистика. Преку инвестициите во патната и железничката инфраструктура ја одржуваме и развиваме економијата, а со тоа имаме задоволни граѓани кои слободно и безбедно патуваат, полесно се поврзуваат и ја движат земјата напред.

Владата на Република Северна Македонија ќе продолжи со спроведување на Националната стратегија за развој на патната и железничката инфраструктура во државата.

Врвен приоритет на Владата ќе претставува рапидна изградба на Коридорот 8, кој неоправдано доцни со децении. Поврзувањето исток-запад, со Р. Албанија и Р. Бугарија претставува стратегиска обврска и фокус на Владата до 2024 година.

Паралелно, остануваме целосно посветени на целосна реконструкција и доизградба на коридорите 10 и 10-Д, со што ја задржуваме конкурентноста и централната позиционираност во регионот.

Во текот на овој мандат ги продолжуваме проектите коишто имаа огромни проблеми и потешкотии при изградбата, но започнуваме и со изградба на нови патни правци кои ќе дадат сериозен импакт во развој на економијата и државата:

- Во делот на автопатни делници продолжуваме со изградба на автопатот Кичево – Охрид, Скопје – Блаце, а во нашите планови е отпочнување на целосна надградба на автопатот Тетово – Гостивар, изградба на автопатот Гостивар – Букојчани, Букојчани – Кичево, Требеништа – Струга – Ќафасан и автопатот Прилеп – Битола (прва фаза, Коридор 10-Д);
- Во делот на експресни и регионални патишта, за првпат имаме завршување со градба на експресен пат пред конечниот рок. Експресниот пат Штип – Радовиш ќе биде пуштен во употреба на почетокот на 2022 година, а продолжуваме со изградба и на втората делница од експресниот пат Штип – Кочани (делница Крупиште – Кочани). Активно се работи на експресниот пат Ранковце – Крива Паланка и на двете делници од експресниот пат од Градско кон Прилеп. Во план е проектирање на нова делница од Куманово до Ранковце и целосно завршување на реконструкцијата на патот Крива Паланка – Деве Баир. Се работи на изработка на проектна документација за обиколница Тетово. Заедно со Владата на Косово работиме на проекти за изградба на патот Тетово – Призрен, за кој потпишавме меморандум за соработка;
- Развој на инфраструктурата и проширување на патот во индустриската зона на Визбегово;
- Тековна и оперативна реконструкција и изградба на патишта во должина од преку 1000 километри на делниците: Катланово – Петровец (во градба), Хиподром – Петровец, Миладиновци – Петровец, Миладиновци – Хиподром, Скопје – Блаце, Катланово – Велес, Велес – Градско, рехабилитација на автопатот Неготино – Демир Капија, Битола – Демир Хисар, Крушево – Демир Хисар, Другово – Демир Хисар, Кривогаштани – Крушево, Битола – Меџитлија, Фаришка клисура – Прилеп (превој Плетвар), Подмоље – Струга – Ќафасан, Охрид – Св.Наум, Проектирање на Скопје – Македонски Брод (делница Нова Брезница – Коломот), Маврови Анови – Жировница (во градба), Никифорово – Леуново – Бунец, Куманово – Страцин (првата фаза е готова, во градба е втората фаза), Струмица – Берово (првата и втората фаза се завршени, продолжуваме со третата фаза), Свети Николе – Неокази, Проектирање на Кондово – Радуша – Јегуновце, Гевгелија – Богданци, рехабилитација на дел од автопат Скопје – Тетово, регионален пат Извор – Гарски мост (во градба), реконструкција на државен пат обиколница Богданци, изградба на нов мост на река Пчиња, реконструкција на патот Струмица – Дабиле, рехабилитација со подобрување на автопатот Граничен премин Табановце – Табановце, Струга – Горна Белица, Стразимир – Луково (граничен премин со Косово), поврзување на Горно Јаболчиште и Нежилово со регионелен пат Р2336, изработка на проектна документација за рехабилитација на државен

пат обиколница на Крива Паланка, доизградба на клучка Брвеница, проширување на регионален пат делница брана Маврово – Белички канал, изградба на државен пат Струмица – Валандово – спој со А1, изградба на обиколница на Ресен, обиколница во Дебар, изработка на проектна документација за Струмица – Ново Село – Граничен премин со Бугарија, изработка на проектна документација за отворање на нов граничен премин со Република Грција кај местото Маркова нога;

- Локални патишта: Владата веќе инвестира и ќе продолжи со инвестиции во 36 општини преку изградба на локални патишта низ целата држава со цел подобрување на условите за живот. Преку оваа програма веќе обезбедивме средства за рехабилитација на над 450 километри локални патишта и улици, со што ќе се овозможи полесен и побезбеден пристап на граѓаните до болници, училишта, спортски објекти, културни и верски центри и други објекти од јавен и општествен интерес. Во постапка сме на изградба на преку 80 километри локални патишта и продолжуваме со реализација на проектот за поврзување со локалните патишта. Упатуваме апел до општините да продолжат со изработка на квалитетни проекти и итно и неодложно да аплицираат за средства со цел нивна изработка. За таа цел, Владата ќе оствари интензивна институционална и директна соработка со ЗЕЛС и општините.

Паралелно со ова, Владата на Република Северна Македонија ќе инвестира во изградба на мостови, но и санирање на црни точки и инвестирање во зголемување на безбедноста на сообраќајот по нашите патишта. Ќе започне со изградба на интелигентен транспортен систем (ИТС) на Коридорот 10. Системот предвидува контрола и информирање при временски неприлики, застој на патот, мерење густина на сообраќај и тежина на тешки возила, контрола при транспорт на опасни материи и друго.

Во текот на 2022 година го завршуваме магистралниот гасовод до Битола и кракот кон Гостивар, а продолжуваме со постапка на интерконекторот со Грција, како и започнување на проектите за магистралните гасоводи од Гостивар до Кичево и Велес – Свети Николе.

Во првата половина на 2022 година продолжува изградбата на прва и втора делница од источниот крак на железничкиот Коридор 8, Куманово – Бељаковце, Бељаковце – Крива Паланка и продолжување на ремонтот на Ногаевци – Неготино дел од Коридорот 10, заедничка гранична железничка станица Табановце помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија и заеднички железнички граничен премин со Република Косово. Изработка на проектна документација за нова пруга Миладиновци – Меѓународен аеродром Скопје, обезбедување средства за изградба на западниот железнички Коридор 8 од Кичево до Лин (Албанија) и подготовка на проектна техничка документација за реконструкција, рехабилитација на железничката пруга Скопје – Кичево како дел од Коридорот 8. Започнавме проект за подобрување на вкрстувањата на железничката и патната инфраструктура, каде според приоритизацијата планирано е подобрување на 20 премини.

Во областа на воздухопловниот сообраќај, Владата ќе креира нов повик за авио-оператори, преку кој би овозможиле зголемување на бројот на летовите од нашите аеродроми, пораст на бројот на патниците (по намалувањето на влијанието од здравствената криза), зголемување на нивото на безбедноста и овозможување на ефикасен, уреден, безбеден и еколошки одржлив воздухопловен транспортен систем, достапен под еднакви услови за сите.

Владата во соработка со локалната самоуправа ќе продолжи да спроведува политики на хумано планирање и уредување на просторот преку акциски планови и реализација на годишната програма за просторно планирање за населените места кои немаат изработено урбанистичка документација, со што ќе се обезбеди долгорочен и одржлив економски, социјален и демографски развој на населените места. Зачувувањето на природното и културно наследство согласно насоките на УНЕСКО останува врвен приоритет на оваа Влада, која ја презеде обврската и веќе работи на изработка на урбанистичко-планска документација од државно значење за целото крајбрежје на Охридското Езеро.

Продолжуваме со усогласување на законските и подзаконските акти за подобрување на урбанистичкото планирање и проектирање како многу важна реформа во процесот на урбанистичко планирање и градење. Со ова дополнително ќе придонесеме за враќање на урбанизмот и проектирањето во рацете на архитектите, со намера принципот „најниска цена за изработен проект“ да биде заменет со тарифник, со што го подобруваме квалитетот на изработените проекти и урбанистички планови.

Владата работи на креирање на ново законско решение со цел олеснување и забрзување на постапките за изградба на објекти и инсталации за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Фокусот го насочуваме и кон продолжување на изградбата на водоводни и канализациони мрежи, за што обезбедуваме дополнителни 60 милиони евра за сите општини во Република Северна Македонија. Владата, во склоп на комуналните проекти, активна е и во изработка на брани и акумулации, како значајни инфраструктурни објекти во државата.

Како Влада обезбедивме 70 милиони евра за новиот градски превоз во Град Скопје (БРТ), за две автобуски линии од Ѓорче Петров до Ново Лисиче и од Кисела Вода до Бутел, проект кој зависи од одлуките на градските власти.

Нашата цел е да ги подобриме условите за живот и да го подигнеме животниот стандард на сите граѓани. Максимално сме фокусирани на изградба на модерна и безбедна патна инфраструктура и унапредување на комуналната инфраструктура преку изградба на водоводи, канализации и пречистителни станици, како и реконструкција на постојната комунална мрежа.

Со сите овие инвестиции, не само што ќе обезбедиме подобар живот за граѓаните, во индустриските зони ќе овозможиме подобри услови за работа на компаниите, ќе ја заштитиме животната средина и ќе придонесеме за здрав живот и поздрава околина.

## Заштита на животната средина, зелен и одржлив развој

Владата на Република Северна Македонија ќе ги следи новите Стратегија и план за обновување на економската, социјалната и еколошката компонента на Европската Унија во борбата против климатските промени и загубата на биолошката разновидност, особено преку имплементација на Зелениот договор на ЕУ и Целите за одржлив развој на Обединетите Нации. Чиста, здрава и добро зачувана животна средина како поддршка на одржлива економија и општество, во кое живеат задоволни граѓани и понатаму ќе биде најголемиот предизвик на новиот мандат на Владата.

Владата ќе планира и води процеси кои подразбираат, од една страна заштита на природата и природните ресурси од загадување и намалување на климатските промени, а од друга страна развој на државата преку постојано вложување во зелена економија и креирање на зелени работни места.

Се залагаме за долгорочен одржлив развој што се темели на грижливо користење на природните ресурси. Контролата и намалувањето на загадувањето останува една од основните цели. Ова вклучува употреба на еколошки горива и користење на обновливи извори на енергија, промовирање на одржливо управување со отпад, правилно и правично управување со водите и зелен транспорт.

За исполнување на овие суштински цели, Владата ќе ги спроведува следните чекори:

- До 2024 година ниту една државна институција нема да се грее со стари и нееколошки системи за греење. Сите јавни институции се мапирани и ќе се донесат одлуки за најсоодветните решенија;
- До крај на 2024 година ќе се воведува постојана 24/7 контрола на Државниот инспекторат за животна средина и локалните инспекторати, ќе се вмрежуваат државните и локалните капацитети и ќе се зголемуваат нивните ингеренции, а на располагање ќе се стави и Централната лабораторија за животна средина;
- Ќе се спроведува планско, но интензивно зазеленување на државата, а особено најзагадените градови, ќе се поставуваат зелени коридори и бариери на критичните точки.
- Владата ќе продолжи да инвестира во дополнителни мерни станици низ државата и во посебна софтверска апликација за полесен и потранспарентен приказ на состојбата со ПМ честичките по датум, по локација и со соодветни прегледи и извештаи, а ќе дадеме

поддршка и на иницијативите за поставување мерни станици, со пропишување различни мерни инструменти;

- Податоците за емисиите од големите загадувачи ќе бидат достапни во реално време, како и Катастарот за животна средина, регистрите за испуштање и пренесување на загадувачки материи, регистрите на издадените еколошки дозволи и одобрени елаборати;
- Ќе го донесеме Законот за индустриски емисии и од 2023 година ќе обезбедиме меки кредитни линии за набавка на опрема и нови технологии за намалување на загадувањето за мали, средни и големи капацитети. Ќе обезбедиме даночни олеснувања за увоз на зелени технологии;
- Ќе обезбедиме засилена контрола врз станиците за технички преглед на возила, заради задолжително контролирање на издувните гасови од возилата што се регистрираат;
- Ќе помогнеме на малите и на средните претпријатија да се прилагодат на новите еколошки стандарди;
- Ќе формираме систем на комунална полиција на локално ниво, со посебен закон, со која ќе можат досегашните комунални инспектори и еко-патроли заеднички да преземаат мерки против сторителите на штетните активности;
- Во периодот 2022-2024 година ќе продолжиме со вложување во енергетска ефикасност на јавните објекти за да ја намалиме потрошувачката и загадувањето. Во градежништвото, ќе вршиме засилена контрола на градилиштата;
- Ќе се набави инструмент кој користи нуклеарни технологии за анализа на составот на PM честичките, опрема за земање примероци на воздух, спроведување на мерна кампања и подготовка на национална студија за определување на главните извори на ПМ честичките во поголемите градови во Северна Македонија;
- Во рамките на проектот „Поддршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух и хоризонтална легислатива", ИПА 2 програмата на ЕУ се планира: докомплетирање на законската легислатива за воздух, односно подготовка на нов закон за квалитет на амбиентен воздух и повеќе подзаконски акти, подготовка на планови за имплементација на директивите за квалитет на воздух, подготовка на национални плански документи за заштита на амбиентниот воздух и извештаи за стратегиска оценка за нивното влијание врз животната средина, подготовка и спроведување на план за мониторинг на тешки метали, VOCs и PAHs, и воспоставување на зони и агломерации за овие супстанци, подготовка на извештај за оценка на квалитетот на воздухот и извештај за оценка на влијанието на природните извори врз квалитетот на воздухот;
- Целта е до крајот на 2024 минимум 60% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден на територијата на државата да се преработи со операции за преработка или да се употреби за добивање енергија, а до крајот на 2030 година минимум 60% од целиот отпад од пакување да се рециклира;

- Во 2022 година ќе го донесеме Националниот план за превенција на отпад како национална цел и политика за создавање, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот (2022-2028);
- Континуирано ќе спроведуваме активности за поставување системи согласно новите пет закони за посебните текови на отпад, заради унапредување на примарната селекција на посебните текови на отпад (отпадна пластика и хартија, отпадна опрема од домаќинствата, отпадните гуми и масла, искористени возила и отпадот од текстил);
- Ќе работиме на интегрирана регионална инфраструктура за собирање и третман на отпадот, со акцент на селектирање, рециклирање и третман на биоразградливиот отпад и контрола врз процесите (во соработка со НВО);
- Во Скопскиот регион ќе поддржиме поефикасен систем на собирање отпад со зголемување на бројот на контејнери и режимот на собирање на отпад, самоодрживо управување со Дрисла и воведување решение за уништување на медицинскиот отпад, како и итна ремедијација на поголем дел од дивите депонии, со приоритет на депонијата во Вардариште и расчистување и рекултивација на локации со несоодветно отстранет отпад во урбаните и руралните подрачја;
- Во 2022 година ќе започне затворање на депониите во Источен и Североисточен регион и изградба на центар за управување со отпад и шест локални објекти за управување со отпад (претоварни станици);
- Ќе обезбедиме услови за воспоставување систем за управување и финансирање на изградба на депонии, набавка на опрема, трансфер станици, затворање на диви депонии во Југоисточниот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Југозападниот и Полошкиот Регион преку заем од ЕБРД. Продолжуваме со осовременување на депонијата во с. Русино во Полошкиот Регион;
- За првпат ќе се реализира проект за затворање на нестандардна депонија во Општина Гевгелија, а ќе обезбедиме и директна поддршка за набавка на 10.000 канти и контејнери на годишно ниво;
- Со новиот правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ќе предвидиме земјиштето кое е планирано или на кое има изведено парковско или заштитно зеленило или пак простор за рекреација, да не може да се пренамени во друга намена, а доколку се врши пренамена да не може да се дозволи намалување на планираните површини со намена Д1. Исто така, ќе бидат зајакнати одредби за минимален процент на зеленило по жител на ниво на генерален урбанистички план;
- До крај на 2024 ќе се донесе и новиот просторен план на Република Северна Македонија кој ќе претставува највисок стратешки документ за развој на државата, а во 2022 г. ќе го донесеме Законот за просторно планирање, врз чија основа ќе се отпочне изработка на просторните планови за заштитени подрачја и подрачја од посебен интерес;

- Ќе иницираме измена на Законот за минерални суровини за да се осигура дека по завршување на експлоатацијата навистина ќе се спроведе санација и рехабилитација на теренот;
- Во правец на решавање на историските жешки точки ќе направиме ревитализација на депонијата за индустриски отпад од рудниците во Радуша и Јегуновце. Редовно ќе се одржува системот СКАДА и пумпната станица во депонијата Јегуновце и ќе се санира таложникот во пречистителната станица Јегуновце;
- Ќе продолжиме со санацијата на линданот во хемискиот комбинат ОХИС, Скопје (отстранување од една од двете локации со соодветна технологија и ревитализација на локација) со обезбедени 15,5 милиони долари. Ќе се направат испитувања на третата депониска локација во ОХИС;
- Постапките на доделување концесии за користење вода, за вадење песок, чакал и камен од коритата на реките ќе се спроведуваат еднаш годишно со јавни расправи и учество на засегнатата јавност, ќе се ревидира институционалната поставеност и поделбата на надлежностите (заради обезбедување мониторинг на состојбата и квалитетот на водите) и ќе се воведе забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитените подрачја и националните паркови;
- Владата ќе продолжи да ја поддржува изградбата на пречистителна станица за Град Скопје, а во 2022 година ќе се заврши изградбата на колекторскиот систем за Град Скопје;
- Во 2022 ќе започне рехабилитацијата на канализационата мрежа во општина Кичево, изградба на пречистителна станица и рехабилитација на канализациона мрежа во Тетово и во Битола и поврзување на општина Виница на пречистителната станица во Кочани, а ќе се поддржат мерки за санација и реконструкција на колекторот и пречистителната станица во Дојран и ќе се спроведуваат подготовки за ревидирање на документацијата за санација и реконструкција на пречистителната станица во Враниште. До 2024 година ќе се спроведе проектот за водоснабдување на Делчево, кофинансиран од Швајцарската влада;
- Ќе продолжи имплементацијата на UNDP проектот: градење отпорност кон интегрирано управување со граничниот ризик од поплави во сливот на Црн Дрим, во период од 5 години (2020-2025), со цел подобрување на институционалните капацитети за управување со ризикот од поплави и спроведување соодветни мерки;
- Ќе се обезбеди заем од ЕИБ во висина од 50 милиони евра за системи за водоснабдување и канализација;
- Ќе обезбедиме достоинствена санитација во руралните и во средините без пристап до вода за пиење, како и суви тоалети во руралните училишта во кои овој проблем не е решен и каде што нема пристап до вода.

Во делот на заштита на природата:

- Ќе се донесе новиот закон за природа со кој целосно ќе се транспонира ЕУ директивата за живелишта и птици, новиот закон за регулирање на меѓународна трговија со диви загрозени растителни и животински видови согласно ЕУ регулатива, ќе продолжи прогласувањето на заштитени подрачја и природни реткости. Ќе бидат донесени закони за прогласување на Охридско Езеро, Студенчишко Блато, Кањон Матка и Белчишко Блато за заштитени подрачја, како и закон за повторно прогласување на Маврово за национален парк;
- Ќе се воспостави Национален информативен систем за природа и ќе се отвори првиот прифатен центар за заробени и повредени диви животни;
- Согласно новиот закон за природата, ќе се донесат планови за управување со спомениците на природата: Маркови Кули, Преспанско Езеро, Националниот парк Шар Планина, Охридско Езеро и заштитниот предел на Осоговските Планини;
- Ќе продолжи процесот на идентификација типови живеалишта и на дивите видови од европско значење и ќе се изработат стандардни податочни формулари за идни потенцијални Натура 2000 подрачја, а ќе се направи и идентификација на потенцијални Натура 2000 подрачја на национално ниво;
- Ќе ја спроведеме Стратегијата за климатска акција (2022-2024) и ќе го донесеме законот за климатска акција (2022) со кој правно ќе ги обврземе институциите за спроведување активности за декарбонизација и ќе обезбедиме мерливост на степенот на декарбонизација, првенствено во секторите енергетика и транспорт, но и во другите сектори со потенцијал за намалување на емисиите на стакленичките гасови, согласно усвоените документи на национално ниво и Европскиот пакет за чиста енергија, на Софиската декларација, на Патоказот за декарбонизација на Западниот Балкан, на ЕУ и на енергетската заедница. Ќе се спроведува Стратегијата за климатска акција (2022-2024);
- Ќе се унапредува билатералната и трилатералната соработка, со посебен акцент на соседните држави. Приоритетни договори од оваа област се Договорот помеѓу Владата на Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив од 2004 година и Договорот за заштита и одржлив развој на Паркот Преспа од 2019 година, а ќе се унапредува и регионалната соработка преку Регионалниот акциски план за зелена агенда за Западен Балкан (RCC).

Во рамки на своите развојни зелени политики, Владата ќе ги интензивира политиките и активностите за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните и економските придобивки од канабисот. Стриктно и доследно ќе се придржуваме на наведените политики и ќе воспоставиме систем на цврста контрола на производството на канабис за наведените цели, за што ќе обезбедиме целосна транспарентност и меѓународна и домашна вклученост и надзор на процесот.

Првенствено, преку измена и дополнување на законодавството, ќе се бараат решенија за да се дозволи освен лекари од јавното, и лекари од приватното здравство да можат да препишуваат препарати од канабис и да се дозволи можност пациентот кој добил препорака за лекување со препарати од канабис да може сам да одгледува и користи канабис во форма која согласно неговата здравствена состојба најмногу му одговара (орално, преку инхалација или преку супозитории).

Покрај ова, ќе се работи на формирање на агенција за канабис – ново специјализирано државно тело кое би го регулирало и би вршело надзор над одгледувањето на канабис за лична употреба, основање и работа на социјални клубови, одгледување на канабис за медицински цели и слично, како и формирање посебен фонд од даноци и останатите давачки кои ќе ги плаќаат правните лица што произведуваат и тргуваат со канабис, а со кој би се утврдил и процентот на средства кои ќе бидат наменети за програми за лекување на разни болести и поддршка на маргинализирани групи, како и проекти од јавен интерес во областа на медиумите, културата, спортот и граѓанскиот сектор.

Законодавството, покрај регулирањето на правата на лиценцираните правни лица – производители, има потреба од сериозно надополнување по однос на личната употреба на канабисот на граѓаните и решавање на ова актуелно прашање. Имајќи го предвид фактот што засега голем број граѓани се прогонувани заради употреба на природната билка канабис, што ги става во неповолна положба во однос на другите граѓани, а со тоа им се загрозуваат нивните лични човекови права загарантирани со Уставот и меѓународните ратификувани договори, се попречува личниот и економскиот просперитет и социјален развој.

Поради сите наведени факти, Владата во следниот период ќе работи на следниве прашања:

- Декриминализација и легализација на поседување и лична употреба;
- Декриминализација на одгледувањето на растенија за лична употреба;
- Разгледување можности за основање и работење на социјални клубови;
- Зголемување на бројот на здравствени состојби за кои може да се користи канабис;
- Дозвола за лекари од приватното здравство да препишуваат препрати од канабис и можност пациентот кој добил препорака за лекување со препарати од канабис да може сам да си одгледа и користи во форма во која најмногу му одговара за неговата состојба (орално, преку инхалација или преку супозитории);
- Основање на агенција за канабис (и во нејзин склоп);
- Формирање фонд од давачките што ќе ги плаќаат правните лица кои произведуваат и тргуваат со канабис.

## Развојно земјоделство

Владата ќе продолжи со годишната вкупна финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од околу 200 милиони евра насочена кон создавање услови за одржливост и раст и развој на земјоделските стопанства. За нас е критично важно зголемување на производството, повисокиот квалитет на производите, заштитата на животната средина, безбедноста на храната, здравствена заштита и благосостојба на животните, како и кон современо и конкурентно земјоделство и производи со додадена вредност. Најважно од се, новото земјоделство мора да обезбеди национална одржливост, самостојност и целосно покривање на потребите за храна, особено во услови на очекувано зголемување на глобалната побарувачка и цените на производите.

Директната поддршка во различните земјоделски гранки ќе се реализира преку следниве програми:

- Навремена исплата на директната поддршка во земјоделството: 30 % од висината на основните мерки 30 дена по аплицирањето и 70% според календарот на исплата;
- Зголемено субвенционирање на „Зелена нафта" до 100%;
- Грантови до 20.000 евра за млади земјоделци;
- Поддршка за жените од руралните средини со двојно зголемен буџет во 2022 од 6.000 евра по корисник, со тенденција до 2024 поддршката постојано да се зголемува;
- Формирање на интервентен фонд во програмата за директни плаќања (во Буџетот за 2022 година истиот е обезбеден);
- Поддршка за набавка на современа механизација, опрема и амбалажа;
- Гарантен фонд за кредитирање и финансирање проекти за земјоделство и рурален развој;
- заедно со обезбедување на советодавни услуги во рамки на фондот;
- Поддршка за изградба на ладилници, преработувачки капацитети, откупно-дистрибутивни центри;
- Поддршка за подигање на долгогодишни насади;
- Поддршка при набавка на висококвалитетен педигриран генетски материјал во сточарството;
- Финансиска поддршка за млечни крави под контрола на производните особини;
- Поддршка од 10.000 евра за развој на микро и мало претпријатие во руралните средини;
- Субвенционирање на плата (по 3.000 денари) на нововработен работник во земјоделско стопанство помлад од 25 години.

Владата ќе продолжи со капиталните инвестиции во инфраструктура на пасиштата, во јавно приватно партнерство во секторот земјоделство, градбата на брани и системи за водоснабдување, пошумување, рурална инфраструктура, подобрување на патната

инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште, воспоставување систем на собирање на нус-производи од животинско потекло, поврзан со мерките во енергетиката и екологијата (модел на циркуларна економија) и поттикнување за донирање на вишокот храна, интегриран сеопфатен систем за контрола и мониторинг на квалитетот на сурово млеко.

Владата ќе инвестира во три големи откупно-дистрибутивни центри во Ресен, Струмица и Скопје, како и во инсталација на сончеви панели за производство на електрична енергија потребна за наводнување на земјоделските површини.

Нашите политики за управување со земјоделско земјиште ќе претставуваат:

- Продолжување со процесот на окрупнување (консолидација) на земјоделското земјиште;
- Издавање на пасишта под долгогодишен закуп;
- Доделување земјоделско земјиште за млади фармери носители на земјоделски стопанства;
- Ограничување на големината на земјоделските површини при давање под закуп на државно земјоделско земјиште;
- Доделување на државно земјоделско земјиште на сточари;
- Земјоделските површини до 3 ха да ги управуваат општините;
- Поедноставување на процедурата за легализација на сточарските фарми;
- Инклузивен процес за дефинирање на моделот за продажба и закуп на земјоделско земјиште со единствена намена за капитално-интензивно производство на земјоделски производи.

Реформите за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството ќе се концентрираат на:

- Донесување нов закон за советодавен систем во земјоделството со кој ќе се уреди системот на функционирање на советодавните услуги;
- Враќање на старите водостопански заедници;
- Намалување на данокот на додадена вредност за ветеринарните услуги од 18% на 5%;
- Поврат на персонален данок на доход за земјоделци;
- Продолжување на процесот на хармонизација на националното законодавство во земјоделството со ЕУ;
- Воведување на систем за мониторинг и прогноза на здравјето на растенијата;
- Воспоставување на електронски систем за следење на дрвната маса.

Политиките за подобрување на пласманот на домашните производи очекуваме да резултираат со:

- Поттикнување на договорното производство;
- Утврдување цена на чинење на поединечни земјоделски производи;
- Поддршка во стекнувањето на Global GAP сертификатот;
- Поддршка на настап на меѓународни саеми и домашни манифестации;
- Намалување на трошоците и времето потребно при постапката за пуштање во промет на храна со здравствени тврдења, храна за посебни намени и додатоците во храната;
- Поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук од домашно производство;
- Стимулирање на производство на нови земјоделски култури;
- Поттикнување на производство на традиционални производи и производи со заштитено географско потекло;
- Одржување на статусот на здравјето и благосостојбата на животните за непречен извоз и трговија со животни и нивни производи.

## Одржлив туризам

Главната цел на Владата во областа на туризмот е обезбедување бројни можности за домашните туристи да овозможат враќање на туризмот и зајакнување на домашната економија.

Се очекуваат кратки патувања со семејствата за викенд, или седумдневни аранжмани во нашите туристички центри, во мали капацитети сместени во недопрена природа. Главната цел е зголемување на домашниот туризам, односно зголемување на бројот на домашни туристи и остварени ноќевања, но и одржување и развој на традиционалниот пазар со Холандија, како и развој кон т.н. зелени коридори со Србија, Албанија, Косово, Турција, Бугарија, Хрватска, Полска, како примарни пазари за привлекување и можност да нè посетат поголем број туристи со поголем број на ноќевања.

Владата ќе обезбеди субвенции за туристички цели на руралните домаќинства, поддршка на активен туризам, субвенции за дигитализација на туристичкиот сектор, како и поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Ќе продолжи вложувањето во развојот на археолошките локалитети кои ќе се оспособат и ќе бидат достапни за посета на домашни и странски туристи.

Ќе се овозможи користење на бесплатен државен wi-fi што ќе води до промотивна страна на општина, на реон, на влез во држава, на стојалишта и бензински пумпи.

За оваа Влада, во фокусот ќе бидат развојот на Шар Планина, Преспа, Охридско-Струшкиот Регион, Маврово, Матка, Пелистер, Галичица и Осоговските Планини.

Владата ќе започне реконструкција на постоечките планинарски домови и изградба на нови со дефинирање на модел за управување и инвестирање во нив и трасирање и промовирање на официјални планинарски патеки.

Владата ќе стимулира воведување на иновативни модели во конципирање на „здравствен" и „пензионерски" туризам за домашните и странските пензионери, по примерот на успешните практики на развиените туристички дестинации. Владата ќе поддржи маркетинг-кампањи за промовирање на државата како место за уживање и препознатлив и растечки туристички бренд и ќе стимулира економски субјекти кои финансираат/спонзорираат домашно продуцирани видео материјали за промоција на државата.

## Децентрализација и рамномерен регионален развој

Владата на Република Северна Македонија ќе го продолжи процесот на децентрализација. Во него гледаме дополнителна демократизација на општеството,поефикасно и поекономично обезбедување и испорачување на услугите, но и засилен локален развој. Смислата е надлежностите да се пренесат на нивото на управување (власт) коешто е најблиско до граѓаните, коешто може најефективно да ги извршува, со соодветни финансиски средства и загарантирана вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките.

Продолжуваме со политиките за развој на општините, односно фискална децентрализација и рамномерен регионален развој со цел зајакнување на финансиските извори на општините, но воедно и зголемување на одговорноста и транспарентноста на нивното работење. Ќе се зголемува уделот на ДДВ и персоналниот данок на доход што се издвојува за локалната самоуправа и тоа со утврдена неколкугодишна динамика со механизми за поттикнување на нивната ефикасност во зголемување на наплатата и на општинските јавни давачки. Во оваа насока ќе се разговара за ревидирање на методологијата за распределба на средствата на даноците и дотациите по општини.

Владата ќе обезбеди ресурси (организациски и финансиски) за да помогне особено на помалите општини кои немаат доволен капацитет одеднаш да се справат со реализација на големи проекти. На тој начин ќе го стимулира локалниот и регионалниот развој, особено преку максимална искористеност на претпристапните и новите структурни и кохезиони фондови на Европската Унија.

Во рамки на новиот Закон за рамноправен регионален развој неодамна донесен во Собранието, Владата ќе работи на отстранување на сите пречки за да овозможи развој и на Липковскиот

регион со цел овој регион да стане рамноправен и еднаков со сите други региони во државата во однос на развојните компоненти.

Секоја единица на локалната самоуправа која ќе користи средства од државниот буџет ќе мора да прифати јасни правила за транспарентност во своето работење и ставање на увид на јавноста на сите финансиски трошоци, преку системот на Отворени финансии.

Владата ќе поддржи модел за подобри и посилни инспекциски служби на ЕЛС заради соодветно справување со предизвиците во делот на комуналните работи, градежништвото, заштитата на животната средина и здравјето на граѓаните и регулирање на сообраќајот. Ќе ги зголемиме нивните овластувања и ќе овозможиме да се организираат во заедничка акции на регионално и државно ниво. Нема веќе формални, бирократски аргументи да бидат причина за непостапување и отсуство на заштита на граѓаните.

Владата ќе предложи решенија со кои граѓаните и здруженијата ќе имаат можност да предлагаат точки на дневен ред и да учествуваат во работата на Советот. Граѓаните, здруженијата и месните заедници задолжително треба да учествуваат во донесувањето на развојните програми и на буџетот на општината. Обврската за консултации со граѓаните ќе ја прошириме и на програмите на општините.

Ќе го поддржиме процесот на реформи на комуналниот сектор со грантови и со евтини кредити за модернизирање на машините и опремата на локалните јавни претпријатија. Истовремено јавните комунални претпријатија ќе имаат обврска да ги изградат човечките и институционалните капацитети, кои заедно со инфраструктурата и опремата се основен предуслов за давање на подобри и поквалитетни услуги кон граѓаните.

Владата ќе води политика на групирање на сите капитални инвестиции за ЕЛС на едно место. Средствата кои произлегуваат од програмите на министерствата и агенциите и се наменети за општински и регионални проекти ќе ги обединиме, при што системот на координација за распределба на средствата согласно утврдени критериуми ќе го врши Советот за рамномерен регионален развој. Заради поголема извесност во планирањето и реализацијата на овие капитални инвестиции ќе воспоставиме тригодишно буџетирање.

## Социјална инклузивност и развој на човечки капитал

Владата на РСМ е вистински посветена на унапредувањето на човечкиот капитал и инвестирањето во истиот. Во првиот квартал од 2022 година Стратегијата за човечки капитал на Република Северна Македонија ќе биде јавно презентирана и искомуницирана со сите засегнати страни, за да крајно секако се обезбеди широка прифатливост на истата. Стратегијата претставува стратешки документ од исклучителна важност за државата, но и документ којја

потврдува оваа определба на Владата. Стратегијата има за цел да им овозможи на граѓаните подобри услови за живот, да придонесе. Кон заложбите за побрз, поинклузивен и поодржлив економски раст и да го намали степенот на сиромаштија преку инвестиции во образование, здравство и социјална заштита – како клучни сектори кои ќе и помогнат на Република Северна Македонија да го зајакне и подобри човечкиот капитал.

Стратегијата јасно го потврдува ставот на Владата дека луѓето се најзначајниот ресурс со кој државата располага. Искуствата од развиените земји покажуваат дека со давањето висок приоритет на развојот на човечкиот капитал се доаѓа до остварување на одлични резултати во делот на економскиот раст, вработеноста, намалување на доходната нееднаквост и спречување на одливот на мозоци. Квалитетното образование ги зголемува примањата во текот на животот, добрите здравствени услуги им овозможуваат на луѓето да живеат подобро и подолого, а социјалната заштита ги поддржува луѓето да се вклучат на пазарот на трудот, со што се обезбедува целосно искористување на инвестициите во човечкиот капитал од сите аспекти.

Стратегијата за човечки капитал се темели на четири столба: подобрување на квалитетот на услугите во образованието, здравството и социјалната заштита; ставање многу посилен акцент на потребите на ранливите категории граѓани; зголемени инвестициите во човечки капитал и истовремено зголемена ефикасност на трошењето; и зајакнување на управувачките капацитетите на секторите за човечки капитал. Во текстот на стратегијата се поставува визија за иднината на Република Северна Македонија и се нуди долгорочен поглед на некои од главните реформи кои ќе бидат потребни до крајот на оваа декада за да се одговори на постоечките предизвици, но и на можните предизвици кои доаѓаат, особено во пост-ковид периодот.

Во заклучните одредби на стратегијата се нагласува дека стратегијата нуди можност да се одржи реформскиот моментум и во овој дел се издвоени неколку препораки за подобрување на човечкиот капитал, меѓу кои и: креирање политики за човечки капитал на начин што трошењето ќе биде повеќе ориентирано кон сиромашните; зголемување на финансирањето и одговорноста при трошењето на секторите за човечки капитал; зајакнување на редовниот мониторинг и евалуација низ секторите на човечки капитал; и зајакнување на меѓусекторската координација и соработка.

Со донесувањето на оваа стратегија Република Северна Македонија се издвојува како прва земја од регионот која преку стратешки документ го трасира патот кон зајакнување на човечкиот капитал и поголемо вложување во секторите кои придонесуваат кон развој на човечкиот потенцијал со кој располага државата.

## Целосна поддршка за сите социјални категории

Владата во својот мандат во делот на социјалната заштита ќе се фокусира на заштита на безбедноста и здравјето при работа на граѓаните, социјалната сигурност, борба против сиромаштијата, заштита на децата, поддршка на развојот на Ромите, унапредување на родовата еднаквост, превенција и заштита од дискриминација, како и изградба и реновирање на градинки и други објекти за обезбедување социјална заштита на населението.

Во текот на 2022 година ќе заврши изградбата на отпочнатите 10 детски градинки: во Чаир за 350 деца, Росоман 30 деца, Ерџелија 70 деца, Карпош 100 деца, Битола 150 деца, Липково 102, Арачиново 102, Пробиштип 72, Валандово 57 и Крива Паланка 102 деца.

Со градба отпочнува градинката во Гостивар за 100 деца, а преку средства обезбедени со ИПА фондови веќе се склучени договори и почнува изградбата на градинките во Тетово 250 и Теарце 200 деца. Во тек е и подготовката на новата програма за изградба на нови детски градинки.

Социјалните надоместоци, во своите видливо покачени износи, ќе бидат оебзбедувани за околу 300.000 граѓани. Социјалните трансфери соодветно ќе се зголемуваат во релација со економските текови и висината на инфлација.

Системот на социјална заштита е подготвен да ги апсорбира сите семејства во социјален ризик, при што во моментов 35.500 домаќинства се приматели на ГМП, детски додаток користат 47.000 деца и образовен додаток кој го користат околу 30.000 ученици и студенти.

Како дел од координираниот мултиинституционален пристап во справување со родово базирано насилство, насилство врз жените и семејното насилство, уште во 2022 година ќе се воспостават 5 специјализирани сервиси за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство во Куманово 1, Кичево 2 и Гостивар 2.

Со буџетот за 2022 година се обезбедени средства за лични асистенти за лица со попреченост од 6 до 64 години како и социјална сигурност за стари лица-пензија која во моментов ја примаат околу 9.500 граѓани, а силната поддршка во овој сегмент продолжува до 2024 година.
Грижата за пензионерите и обезбедување на адекватен приход, пензија, ќе продолжи. Висината на пензиите нужно е да се прилагоди со реалните потреби на пензионерите, во релација со постоелките и нови механизми, како што Владата ќе ја отвори во процес на експертска дебата, потребата за промена на системот за усогласување на пензиите. Во севкупниот процес, Владата ќе овозможи функционирање на сеопфатен, одржлив и стабилен пензиски систем. Ќе се зајакнува улогата на старите лица во локалните заедници преку обезбедување услови за

вклучување во јавниот живот, односно волонтирање и работно ангажирање на возрасните лица кои сакаат исполнети денови. Ќе се поддржува развојот на локалните услуги и грижата во заедницата кон возрасните, а ќе се зајакнуваат условита за соодветна нега на немоќните и болните.

Ќе се разгледаат можностите за проширување на опфатот на лица-корисници на државна социјална пензија, како и за програмата за бањско-климатска рекреација.

Владата ќе продолжи со активностите за изградба на центри за активно и здраво стареење, со програми кои ќе се грижат за менталното и физичкото здравје, социјализацијата и меѓуврсничката комуникација на старите лица.

Владата ќе обезбеди темелно спроведување на измените од Законот за работни односи со кои недела стана неработен ден со цел обезбедување баланс меѓу приватниот и професионалниот живот на граѓаните, измените кои се однесуваат на договорите на определено време, сезонската работа, како и измените во делот на мајчинството и родителството.

Владата на Република Северна Македонија силно верува дека нема еднаквост во општеството, ако нема еднаквост помеѓу жените и мажите, што подразбира постигнување еднаквост во општество во кое жените и мажите, девојчињата и момчињата, имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери на животот, како услов за целокупен и одржлив економски, демографски, социјален развој и напредок на земјата, односно општествово кое жените и мажите ќе ги имаат истите привилегии и одговорности кои ќе ги остваруваат во вистинско заедничко партнерство.

Владата преку низа мерки и политики ќе дејствува за воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, за подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот, како и за сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет.

Владата ќе продолжи да вложува во отворање на сервиси за заштита на жртвите од сите облици на родово базирано насилство во секоја општина на територијата на државата.

Ќе продолжи усогласувањето на законската регулатива за исполнување на стандардите согласно Истанбулската конвенција. Позитивен пример претставува Предлог-законот за буџети, кој вградува и компоненти за родова еднаквост.

Ќе се приоретизираат мерките против родовиот јаз во платите кои влијаат врз намалување на неактивноста на жените на пазарот на трудот, политиките кои го уредуваат родителското отсуство, заштитата на работното место, флексибилното работно време и скратеното работно време и работните места кои се прилагодени за мајките, зголемување на достапноста на градинките особено во руралните области и зголемување на бројот на домови за стари лица во сите плански региони.

Ќе се приоретизира и програмата за реинтеграција на жени жртви на насилство во која ќе се вклучени модели за привремено домување, психичко советување со менторство, различни видови на финансиска помош специфично наменети за жени жртви на насилство, можности за образование и обуки во различни области, како и мерки за вработување утврдени во постоечката законска регулатива.

Владата ќе се посвети на зголемување на пристапот до квалитетни услуги за планирањето на семејството и изборот на современи контрацептивни методи и средства (на позитивна листа на лекови), намалување на старосната граница за скрининг за репродуктивното здравје, воведување на мобилни гинеколошки клиники во руралните средини и помалите општини каде нема гинеколози, задолжителен бесплатен здравствен пакет (ЗЗП) за жени над 35 години, кој вклучува гинеколошки преглед и мамографија.

Владата ќе го интензивира процесот за креирање на новата Национална стратегија за Роми 2022 – 2030 согласно Познан декларацијата за земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми во рамки на процесот на проширување на ЕУ и согласно Насоките за подготовка на национална стратешка за Ромите за периодот по 2020 во Западен Балкан и Турција.

Со цел поефикасно финализирање на процесот и со цел обезбедување квалитетно спроведување на Стратегијата, Владата ќе пристапи кон Унапредување на институционалната рамка за имплементацијата на Националната стратегија за Роми преку формирање на систематизирана структура, односно нов Сектор за спроведување на Стратегијата за Роми во рамките на Генералниот секретаријат на Владата, како и јасно назначување на одговорни лица и тимови во рамките на ресорните министерства за имплементацијата на Националната стратегија за Роми.

Со цел унапредување на интеграцијата на Ромите во Северна Македонија, Владата ќе ги спроведе следниве мерки во различните секторски политики:

Вработување:

- Подготвителна тренинг програма за олеснување на пристапот за вработување на Роми во државна и јавна администрација;
- Дисперзирани канцеларии на Агенцијата за вработување во општина Шуто Оризари преку поддршка од меѓународни фондови;

- Зголемување на опфатот во активните мерки за вработување и услуги со воведување на квота од 5% за опфатеност на Роми во оперативниот план за вработување;
- Поддршка за формализирање на неформална работа со креирање на сет мерки - пристап до финансии на претприемачи Роми преку креирање на Мечинг фонд и кредитна гаранција на Владата и меѓународниот фонд РЕДИ.

Домување:

- Урбанизација на ромските населби преку годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови (Вклучување во ГУП, изработка на ДУП);
- Поддршка за легализација на бесправно изградени објекти на ранливи категории од Ромската заедница;
- Изградба на типски куќи за Роми кои живеат во екстремно лоши услови или немаат живеалиште и реновирање на капацитетите за колективно домување на лицата кои немаат живеалишта во соработка со ЕЛС;
- Обезбедувања комунална инфраструктура – асфалтирани патишта, пристап до вода и канализациона мрежа во ромските населби.

Образование:

- Изработка на програма за образование за вклучување на деца од улица, повратници и деца од 7-14 годишна возраст;
- Дооформување на образование, таргетирани пракси и поддршка за прво работно искуство на млади Роми кои не се вработени, не се во образование, ниту во обука.

Здравство:

- Поддршка при обезбедување пристап до здравствени услуги на лицата без документи;
- Програма за остварување на правото на здравствена заштита на ранливи групи (Роми) во превентивна, примарна, секундарна и терциерна заштита;
- Унапредување на пристапот до здравствена заштита на ромското население преку вработување на концесионери во здравствените домови каде што живее ромско населние а има недостиг на матични лекари и гинеколози;
- Обезбедување амбулатно возило за потребите и во функција на здраствениот дом во Шуто Оризари и ангажирање медицински персонал, со поддршка од меѓународни фондови.

Култура:

- Создавање на услови за развој, негување и промоција на ромската култура, јазик и традиција со адекватни човечки и технолошки ресурси кои придонесуваат во развојот на ромската култура;
- Препознавање на концептот на антициганизам во јавните политики и домашното законодавство.

Граѓански статус:

- Решавање на проблемот со лицата без документи и без државјанство преку новиот закон за неевидентирани лица и законот за државјанство;
- Спроведување на заеднички проект со Советот за регионална соработка за вработување на две лица во Управата за водење на матичните книги и МВР преку договор работа во рамките на проектот и систематизација на овие работни места.

Сиромаштија:

- Развој на нови социјални и комбинирани услуги на локално ниво;
- Воспоставување на шелтер центри за децата на улица.

## Образование за новото време

Владата на Република Северна Македонија продолжува да се води од премисата дека најголемиот влог во иднината на нашите деца и млади го правиме во образованието. Квалитетното образование гради слободни граѓани, ја засилува економијата и го зацврстува демократското ткиво. Досега покажавме дека можеме да одговориме на предизвиците како КОВИД-19, како и на сите останати предизвицисо кои се соочува не само нашето општество тукуи сите општества низ светот.

Развојот на социјалните медиуми, на новите начини на комуникација, на новите начини на делување и функционирање на образовните чинители креираат нови предизици и нови решенија. Токму затоа медиумската писменост е врвен приоритет на оваа Влада и Министерството за образование и затоа истата ќе биде имплементирана на секое ниво во образовниот систем и за истата наставниците ќе добијат соодветна подготовка за тоа како да се имплементира, учи и предава истата.

Владата ќе развива квалитетно образование достапно на сите, образование кое ќе создава кадри кои ќе размислуваат логички и критички и ќе донесуваат заклучоци базирани на факти и анализи. Сакаме образование што ќе изгради личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата и различностите, ќе се воспитуваат и образуваат во духот на мултикултурализмот и ќе се оспособат за позитивен одговор на побарувачката на пазарот на труд. Поради тоа, остануваме посветени на приоритетот за унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ во наставните програми, учебници и наставни материјали

Во наредниот период, продолжуваме со реформата во основното образование, во отворен процес и со согледување на ставовите и позициите на сите активни чинители во него, со подготовка на нови материјали за учење, алатки, нагледни средства како и обучување на наставниот и стручниот кадар во училиштата за работа по Концепцијата и Националните

стандарди. Во сите процеси ќе бидат вклучени сите релевантни и инволвирани субјекти и институции и само со заеднички решенија ќе се утврди насоката на реформите.

Остануваме посветени на унапредување на улогата на наставникот во образовниот процес. И токму затоа беше изготвен новиот закон за Наставници и стручни соработници со кој професионалноста и стручноста на наставникот ќе биде најважната компонента при нивното вработување. Континуираниот професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование како и Имплементацијата на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори и советници) остануваат приоритет и во наредниот период.

Продолжуваме со инвестирање во инфраструктурата во основните и средните училишта, реконструкција и опрема на регионалните ВЕТ центри, унапредување на средното образование во поглед на стручноста и специфичните и конкретните потреби на пазарот на трудот, како што ќе продолжи соработка помеѓу основните училишта со ресурсните центри и другите основни училишта согласно утврдената реонизација.

Бидејќи образованието е и треба да е достапно за сите, ќе работиме на остварување на основно образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Во наредниот период, продолжуваме со подготовката на нов Закон за средно и средно стручно образование како и на нов Закон за младински стандард. Со иден фокус на нов Закон за образование на возрасни потврдуваме дека развојот на неформалното образование за возрасните останува приоритет за оваа Влада.

Подготовката за националните и меѓународните тестирања, како и подготовките на нови програми за педагошки советувања се само дел од постојните процеси кои се спроведуваат за подобрување на квалитетот на образованието.

Дигитализацијата останува еден од врвните приоритети за Владата како критичен фактор за новото време и суштински развој на човечкиот капитал на сите нивоа.

Продолжува квалитативната и инвестициска поддршка на високо-образовните институции. Со Предлог-законот за Иновациска дејност нудиме дополнителни можности за финансирање на проекти од областа на високото образование. Високото образование треба да се стави во функција на подобрување на основното и средното образование со тоа што ќе понуди квалитетни кадри, квалитетни наставни програми и соработка меѓу трите нивоа на образование.

Од тековните активности, продолжуваме со Подобрување на системот за самоевалуација и изготвување на Развојна програма и годишна програма од страна на училиштата, како и имплементација на Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3).

## Стабилен и модерен здравствен систем

Пандемијата со КОВИД-19 беше најсериозниот тест за нашиот здравствен систем. Институциите и граѓаните, заедно, поминаа исклучително тешки моменти во справувањето со предизвиците. Имаме повеќе научени лекции кои во овој момент придонесуваат за уште потемелен систем на организација на здравствениот систем, со цел тој да остане стабилен, здравствените работници да бидат уште повеќе мотивирани, а граѓаните услужени и заштитени.

Имајќи предвид дека опасноста од коронавирусот сè уште е присутна, особено преку новите соеви, Владата и Министерството за здравство ќе продолжат со брзо, точно и сеопфатно информирање на населението за спецификите на новите соеви, за мерките за заштита кои ги предлага Комисијата за заразни болести и кои ги усвојува Владата, за потребата од почитување на мерките од страна на населението, за достапноста и безбедноста на вакцините и за потребата од масовна имунизација како највисок степен на заштита од ризиците кои ги носи опасната болест.

Здравствените работници и епидемиолозите сега се и повеќе подготвени, и повеќе искусни, и повеќе сигурни и повеќе знаат како да делуваат и да се организираат за следниот предизвик со коронавирусот. Континуирано се следат светските пракси, сознанија и истражувања и се воведуваат во работењето кај нас.

За Владата на Северна Македонија и натаму главни предизвици остануваат одржувањето на здравствените домови во полна кондиција и со персонал и со број на легла и технички капацитети да ги опслужат граѓаните кои имаат потреба од заштита и нега, а од друга страна процесот на вакцинација кој е клучен за да се спречат тешки симптоми кај заболените, а со тоа да се спречи преоптоварување на здравствениот систем односно да не се доведеме во ситуација во која некој граѓанин не би бил на време и соодветно третиран.

Владата ќе спроведе позитивни стимулативни мерки кон младите со цел да го зголеми интересот и процентот на вакцинирани млади како целна група која има најголем отпор кон имунизацијата, а од друга страна ќе воведува нови мерки на стимулација и рестрикција кога е во прашање возрасното население, а со единствена цел заштита на здравјето на севкупната популација во земјата.

Владата цврсто е одлучна натамошниот развој на здравствениот систем да го насочува во согласност со одговорот на националните и меѓународните барања, особено на полето на јавното здравство и контрола на заразните како и масовните незаразни болести, со финансиска одржливост на системот, подигање на квалитетот и достапноста на здравствените услуги, солидарноста и правичноста на здравствениот систем, со граѓаните во центарот на системот и нивната целосна вклученост.

Ќе продолжиме со инвестициите во здравствениот систем, како во инфраструктура така и во човечки ресурси, опрема и понапредни методи и терапии.

Владата ќе ги спроведува следните политики:

- Секоја година ќе ги зголемуваме платите на здравствените работници и соработници до 10%, како што порастот во 2022 изнесува 5%. Нашата цел е најниската плата на здравствените техничари и медицински сестри да ја достигне просечната плата во државата до 2024 година;
- Ќе продолжи да расте бројот на специјализации во точно определениобласти, во соработка со здравствените институции, имајќи го предвид недостигот на специјалисти во повеќе медицински гранки;
- Шанса за секој млад дипломиран лекар со лиценца за работа ореку обезбедување наплатен работен стаж за секој нов млад лекар, но и паричен надоместок како стимулација;
- Сите лекари на специјализација со живеалиште надвор од Скопје кои го немаат решено станбеното прашање ќе добијат субвенција;
- Ќе развиеме модел за системски промени во начинот на плаќање на примарната здравствена заштита, во кој ќе се вреднува обемот и квалитетот на услугите кои матичните лекари ќе ги спроведуваат. Во таа насока, за првпат ќе се воведат стандарди за превенција и следење на определени состојби и заболувања, прилагодени за примарното ниво на здравствена заштита. Исто така, со промените во начинот на плаќање ќе се поттикне вложувањето во едукација, во технички и материјални ресурси. Ќе се поттикне и активно вклучување на медицинската сестра во реализирање на здравствената грижа;
- Ќе воведеме систем на континуирана едукација за медицински сестри со цел зголемување на нивните компетенции и знаења во соодветната област каде што работат;
- Зајакнување на капацитетите на јавното здравство (регионализација) преку функционално поврзување на сите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна);
- Целосно ќе ги вклучиме здруженијата на пациенти во креирање и мониторинг на здравствените политики и на квалитетот на здравствените услуги. Со тоа ќе ја зајакнеме улогата на пациентите во комуникацијата со стручната јавност при донесување на прописи и законски решенија од здравствената заштита;
- До крајот на мандатот сите болници и здравствени домови ќе ги направиме енергетски ефикасни, а ќе ги реновираме сите вакцинални пунктови и најстарите одделенија во болниците;
- Ќе се зголемува бројот на пунктови за итна медицинска помош на подрачјето на град Скопје;
- Ќе продолжиме со реконструкција, проширување и опремување (вклучително и неопходен кадар) на клиничките болници во Тетово, Битола и Штип и ќе ги анализираме

потребите и можностите за нивно унапредување во Универзитетски клиники, земајќи ја предвид и локацијата, капацитетите и вредноста на инвестицијата на новиот Универзитетски клинички центар;

- Ќе инвестираме во нови и проширени постоечки капацитети на дневни болници во кои на пациентите, во текот на еден ден ќе им се пружаат дијагностички или терапевтски (интернистички, хируршки, педијатриски) услуги за кои не е неопходна хоспитализација;
- Ќе развиваме капацитети за долготрајно лекување и нега на хронични болни, особено за стари и неподвижни лица во тешка состојба, за кои домашната нега не е соодветна. Неискористените болнички капацитети ќе ги пренамениме во домови за стари лица;
- Ќе ја доекипираме патронажната служба во сите региони низ државата, врз основа на искуството од регрутирањето кадар во изминатите години;
- Согласно европските протоколи и клинички патеки, ќе се зголеми достапноста на мамографскиот скрининг, преку набавка на дополнителни мамографи и мобилен мамограф за да се подобри стапката на детекција на ракот на дојката во најраната можна фаза;
- Ќе ги зајакнеме превентивните програми за подобрување на оралното здравје на сите нивоа, особено во соработка со детските стоматолози;
- Докторите од примарна здравствена заштита во места каде што недостасуваат лекари ќе можат да работат и да даваат услуги (дежурства, итна помош, вакцинални пунктови и патронажа) за што дополнително ќе бидат платени. Исто така, докторите од здравствените домови ќе можат да регистрираат пациенти како матични лекари;
- Стимулирање на млади лекари да работат во рурални средини, преку доделување на грантови на млади лекари кои сакаат да отворат ординации во рурални средини;
- Обезбедување на гинеколошките услуги преку капацитетите со коишто здравствениот систем располага на секундарно ниво;
- Обезбедување на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во руралните средини преку ангажирање на мобилните гинеколошки амбуланти;
- Докторите во болниците од областа на гинекологијата и педијатријата во места и региони каде што недостасуваат матични лекари ќе можат да регистрираат осигуреници како матични лекари од овие области;
- Основање на центри за палијативна грижа (хосписи) – преадаптација на постоечки здравствени капацитети;
- Ревизија на Мрежата за секундарна стоматологија (протетика, орална хирургија и ортодонција), со цел да се изменат високите критериуми за вмрежување кои се во сегашниот модел;
- Ревизија на ценовникот на услуги и воведување на нови услуги во тренд со новото време во стоматологијата, во секундарната стоматолошка здравствена заштита;
- Реорганизирање на Ургентниот клинички центар во Скопје (интернистички) во високо специјализирана и модерна установа која ќе ги згрижува критично болните, со адаптација на просторот, опремата и кадарот;
- Воведување на нови методи во секоја од клиниките преку носење на странска

експертиза за да се унапреди знаењето на нашите лекари и да се намалат трошоците за лекување во странство;

- Продолжување на трендот на намалување на морбидитет и морталитет на мајки и новороденчиња, со тенденција за приближување до европскиот просек;
- Воведување на телемедицински сервиси во покривање на определени дејности во здравството (кардиологија, радиологија, итна медицинска помош) со цел зголемување на достапноста и унапредување на квалитетот на здравствената заштита;
- Ќе иницираме суштествени промени во организација на стоматолошката дејност со сериозна издржана епидемиолошка студија за оралното здравје на населението, од каде ќе произлезат суштествените промени во организацијата на стоматолошката служба;
- Ќе продолжиме со политиката „Лек во секое време и за секој пациент“ т.е без квотите кои го загрозуваа здравјето на граѓаните и создаваа нервози и страв во поголем дел од месецот. Оваа политика ќе гарантира обезбедени лекови и во аптеките и во болниците секој ден во месецот;
- Ќе продолжиме да ја ажурираме позитивната листа на лекови и да додаваме поквалитетни и помодерни терапии со лекови, на сметка на замена на застарени терапевтски третмани;
- Ќе продолжиме со системот на обезбедување на соодветни и подобри цитостатици и иновативни терапии за малигните заболувања;
- Редовна набавка на квалитетни лекови за 44.000 инсулино-зависни пациенти;
- Како што покажавме на случајот со инсулинот и укинување на паралелниот увоз, ќе продолжиме со политиката на современи лекови исклучиво со сертификат за квалитет. Ќе ги унапредиме постапките кои се поврзани со проверка и анализа на квалитетот на лековите со цел гарантирање на нивниот квалитет до крајните корисници;
- Ќе објавиме регистар на запишани медицински средства за да граѓаните можат да го потврдат квалитетот на медицинските средства.

Ефектот кој се очекува од реконструкцијата и доградбата на објектите на ЈЗУ во Република Северна Македонија е подобрениот здравствен статус на населението, подобрена состојба на здравствените објекти и услови за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите.

Имајќи го во предвид фокусот и посветеноста на Владата во позитивната транформација на здравствениот систем и рекордни инвестиции во истиот, го продолжуваме досегашниот тренд и во текот на 2022 година планирани се изградби и реконструкции на следните Јавни здравствени установи:

1. Врвен државен приоритет преставува изградбата на нов клинички центар во Скопје, за кој се направени сите неопходни подготовки. Во таа смисла, Владата ќе понуди предлог за надминување на политичките обструкции во Собранието преку инклузивен и јавен процес за елаборирање на предностите на Проектот и имплементирање на најдобрите меѓународни практики за транспарентен, мониториран и ефикасен процес за изградба;

2. Изградба на нов клинички центар во Штип;
3. Изградба на нов објект во Општа Болница во Кичево;
4. Завршување на градежни активности на Реконструкција на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св Еразмо – Охрид;
5. Завршување на Проектот за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на ЗД Скопје по модел „Клуч на рака“;
6. Завршување со градежни активности во ЈЗУ Општа болница Струмица;
7. Продолжување со градежни активности Реконструкција и доградба на ЈЗУ Клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје;
8. Продолжување со градежни активности на изградба на нов објект Поликлиника Сарај;
9. Адаптација на ЈЗУ Завод за ХОПС Отешево;
10. Реконструкција на Клиничка болница Битола;
11. Реконструкција и адаптација КАРИЛ;
12. Реконструкција и адаптација на операциони сали за потребите на ЈЗУ УК за Дигестивна хирургија;
13. Реконструкција, адаптација и пренамена на објект за поставување на ЦТ за потребите на ЈЗУ УК Пулмологија и алергологија;
14. Реконструкција и адаптацијана ЈЗУ УК Радиологија;
15. Санација на фасада и фасадна столарија Интерни клиники;
16. Реконструкција и адаптација за подобрување на Енергетска ефикасност на ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

## Младите во фокусот

Оваа Влада, сериозен дел од својот фокус ќе го определи за младите. Креираме мерки за мобилност, за размена на контакти, знаења и идеи на младите со нивните врсници, пред сè од Западен Балкан и од ЕУ. Ќе се зголемуваат можностите за работни места, за стекнување работни искуства и навики и за повисоки плати.

Младите мора да се стекнат со работно искуство, било да е тоа во и со својата заедница, како волонтери или пак преку практиканство и своето прво вработување. Државата ќе обезбеди стимулации за младите, што е можно порано да се стекнат сопствена економска независност, како предуслов за позитивните демографски состојби и намалување на миграционите движења.

Владата е партнер на младите луѓе и тие се важен дел од нашата сегашност и активно учествуваат во креирањето на иднината.

Политиките на Владата во оваа област ќе се базираат на три столбови:

1. Намалување на младинската невработеност, зголемување на пазарната вработливост и подобрување на квалитетот на животот на младите;
2. Вклучување на младите во процесите на одлучување;
3. Развој на нивните капацитети и давање шанса за креирање на општество по нивна мерка.

Преку таргетирани политики овозможуваме извесна и сигурна иднина на младите луѓе:

- Државата ќе ги покрие придонесите за секое вработено лице до 29 години кое ќе се вработи за првпат, а ќе следи и дополнителен стимул за секој месец, за секој нововработен;
- За сите кои не се спремни за работа бидејќи сè уште не развиле вештини, државата ќе го покрие трошокот на фирмите за да обезбедат знаења и вештини преку пракса;
- Ќе се овозможи поврат на персонален данок на доход за сите нововработени млади под 30 години со што средствата ќе се враќаат назад директно на нивната сметка и со тоа овозможуваме дополнителен прилив директно на нивните сметки;
- Ќе се обезбеди поддршка во отварањето на младинските центри и локалните младински совети со цел вклучување на младите во процеси на донесување на одлуки и зголемување на капацитетите на младите луѓе;
- Со законска рамка ќе се признаевредноста на младинската работа како механизам за поддршка на младите во Република Северна Македонија во нивниот развој и активно вклучување во животот во заедницата;
- Ќе се поттикнуваат економските субјекти да ги поддржуваат младинските организации, организациите за млади и другите форми на здружување согласно Законот за младинско учество и младински политики преку даночно ослободување. Наместо данокот да го дадат на државата, тие тоа може да го сторат преку директна поддршка на младите, но и да одвојуваат процент од добивката за стипендирање на најдобрите студенти од државните и приватните универзитети;
- Ќе се воведе платена работа за студентите во студентските домови. Целта на оваа мерка е студентите во текот на нивното студирање да може да заработат за да може да ги намалат своите трошоци на студирање и живеење;
- Ќе продолжи да се спроведува и зголемува младинскиот додаток за младите вклучени во производствените дејности;
- Ќе се создаде и објави регистар на наши млади умови ширум светот и нивно активно вклучување во креирање политики и подобри општества со цел да се искористи нивниот потенцијал и знаење;
- Низ интерсекторски пристап ќе се крерираат посебен пакет мерки за менталното здравје на младите;

- Ќе се зајакнуваат превентивните мерки за сузбивање на насилството, говорот на омраза и нетолерантноста кај младите. Ќе се отвори линија за психолошка поддршка и пристапна веб платформа за млади - жртви на насилство, говор на омраза и криминал од омраза;
- Ќе се дигитализира и ќе се зголеми опфатот на услуги и бенефиции за младите луѓе кои ги нуди Европската младинска картичка во директна соработка со државните институции и јавните установи;
- Ќе се стимулираат младите лекари преку доделување на грантови да отвараат ординации во рурални средини;
- Ќе продолжи силната поддршка на младите земјоделци преку грантови до 20.000 евра со цел да се мотивираат да се занимаваат со земјоделство и да произведат финален продукт кој е атрактивен за европскиот пазар;
- Ќе се овозможува повисок ниво на пристап до интернет и дигитални технологии на младите во руралните средини.

# Владеење на правото и добро управување

## Владеење на правото, ред, антикорупција и безбедност

Владата во својата работа ќе се води од основните и напредни принципи на добро управување и тоа одговорност, ефикасност во спроведување на ветеното, отчетност, чесно работење, инклузивност и достапност. Антикорупцијата, редот, дисциплината и владеењето на правото стануваат оска и основа на политиките на оваа Влада.

Согласно утврдените стратешки цели и приоритети за борба против корупција, во тек е надградба на Планот за борба против корупција кој ќе се темели на четири столба:
1) дигитализација, 2) независно и ефикасно правосудство, 3) професионализација на институциите и 4) превентивни мерки.

Првиот столб се однесува на **дигитализација** на процесите како клучна алатка во борбата против корупцијата, која опфаќа зголемување на употребата на националната платформа за интероперабилност и воспоставување на електронски системи. Една од алатките е Електронскиот систем за (онлајн) пријавување на корупција преку овластените лица за заштитено внатрешно пријавување со што во секое време може да се пријави сомневање или сознанија дека е извршено, се извршува или ќе се изврши казниво или незаконито дело. Исто така, преку дигитализација на процесите во Државното правобранителство со автоматска прераспределба на предмети ќе се спречат можни коруптивни практики и/или рачна распределба на предметите.

Вториот столб се однесува на областа **правосудство** и во него се предвидени мерки за екипирање на истражните центри и јакнење на транспарентноста на Јавното обвнителство на Република Северна Македонија, подобрување на законската рамка во делот на потеклото на имот и конфикација, како и јакнење на капацитетите на институциите за водење на финасиски истраги. Ќе продолжи процесот на дигитализација на правосудството како и унапредувањето на судскиот систем и неговото функционирање преку ефикасност во постапувањето, судење во разумен рок, со цел граѓаните навремено да ги остваруваат своите права и да ја вратат довербата во судската власт.

Третиот слоб содржи мерки за **зголемување на професионализацијата на институциите**, мерки и активности кои се започнати во Планот за борба против корупција за 2021 година, а се во насока на ограничување на привилегиите на јавните функционери и професионализација на администрацијата во поглед на измена и дополнување на законите за админстративни

службеници, за вработените во јавниот сектор и за високо-раководната служба. Како и имплеметацијата на препораките од Државниот завод за резвија преку унапредување на работењето на Ревизорскиот комитет редовно да се контролира степенот на постапувањето на институциите во поглед на реализација на препораките од наодите од овластениот ревизор.

Последниот, четвртиот столб од Планот за борба против корупција предвидува превентивни мерки за ј**акнење на интегритетот на носителите на јавни функции**, воведување на аудио и видео надзор за начинот на преземање на службените дејствија од страна на царинските службеници, јакнење на контролата при спроведување на постапките за јавни набавки.

Овој столб предвидува и мерки за надминување на детектираните слабости во јавните набавки преку воведување на е-Пазар со што значително ќе се намалат роковите за спроведување на постапката и ќе се овозможи навремена и брза набавка на договорните органи. Се предвидува воспоставување на платформа која ќе претставува регистар на најчесто набавувани стоки и услуги според технички карактеристики и цени кои моментално се актуелни на пазарите на добра и услуги. Преку надградување на постоечкиот електронски систем за набавки, ќе се воспостави функционалност која ќе овозможи електронски избор на претседателот и членовите на комисиите по случаен избор кои го спроведуваат процесот на евалуација на понудите.

Исто така, како една од превентивните мерки за борба против корупцијата е и изработка на антикорупциски програми и правила за интегритет во приватниот сектор. Преку вакви програми и правила наменети за приватниот сектор ќе се изврши промоција и развој на стандарди и процедури дизајнирани да го заштитат интегритетот на релевантните приватни компании, вклучувајќи го и начинот на однесување кое е исправен, чесен, и во согласност со деловниот начин на функционирање.

И синдикатите да даваат континуирано предлози за прашања кои треба да се дефинираат подобро.

Целта, меѓу другото, на оваа организациона единица е зголемување на квалитетот, ефикасноста и експедитивноста на испораката на услуги кон граѓаните и на реализацијата на проекти на сите нивоа, преку зголемување на нивото на одговорност кое носителите на јавни функции и државните службеници го преземаат пред граѓаните.

Услугите и придобивките за граѓаните мора постојано да растат. Поради тоа, ќе се интензивира имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош со која се обезбедува остварување на правото на бесплатна правна помош од страна на социјално ранливи категории на луѓе,

олеснување на условите за стекнување со правото на бесплатна правна помош, при што најголем акцент се става на правните проблеми со кои најчесто се сретнуваат.

Државата помага во делот на назначување на адвокати за давање на правни услуги на лицата кои врз основа на утврдени критериуми не ќе можат да ги платат трошоците во судски и управни постапки и управни спорови.

Со Предлог-законот за правата на децата, се предвидува адвокатите кои ќе ги застапуваат малолетниците пред МВР и Центарот за социјални работи да бидат исплатени од Буџетот на Министерството за правда согласно Законот за бесплатна правна помош како и лица баратели на азил.

Министерство за правда има надлежност во поглед на субвенционирање на државата за првите четири часа на медијација и за таа намена предвидува средства во буџетот. Примената на Законот за медијација е вистински бенефит за граѓаните затоа што им овозможува на брз, ефикасен и економичен начин да го решат спорот со спогодба. Со изборот на медијација од страна на граѓаните и правните субјекти директно се влијае врз бројот на судските постапки, односно нивниот број значително се намалува.

Во делот на правосудството, се очекува да заврши Собраниската постапка на неколку закони и тоа: нов Закон за Академија за судии и јавни обвинители, усогласен со препораките на ЕК за обука на судии (Академијата останува како единствена точка за влез во професијата), измени и дополнувањата на Закон за парнична постапка, Закон за адвокатура, Закон за медијација, Кривичен законик, Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, нов Закон за компензација на жртвите од кривични дела и Закон за заштитата на личните податоци.

Со Предлог-законот за адвокатура се воведува задолжителна континуирана обука за адвокатите, организирана од Адвокатската комора, со која дополнително ќе ја зајакне адвокатската професија.

Измените на Кривичниот законик опфаќаат интервенции во неколку области каде што се наметна потреба од ургентни интервенции, и тоа: имплементација на Истанбулската конвенција, интервенција во кривичните дела кои се поврзани со безбедноста на новинарите, менување на одредени одредби од Кривичниот законик (во сферата на конфискацијата и тортурата) како резултат на пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права со кои се утврдува повреда на одредби од Конвенцијата, како и усогласување на Кривичниот законик со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право).

Владата ќе го редефинира и Законот за извршители водејќи се пред сѐ од барањата на граѓаните, со цел да биде во поголема функција на нивните интереси, а потоа и на интересите на институциите. Со измените ќе се обезбеди унапредување во делот на прометот и евиденцијата на недвижностите, воведување на дигитализираното работење на извршителите и водењето на нивните евиденции и дигитализирање на дел од постапките за извршување (ќе се воведе електронско јавно наддавање), ќе се прецизираат и поедностават постапките за извршување во интерес на доверителите водејќи сметка и за интересите на должниците со што ќе се доуредат одредбите од законот со цел доследна и поефикасна примена на законот од извршителите при спроведувањето на извршувањата.

Во тек е формирање на работна група за изготвување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, со цел прецизирање на наплатата на судските такси во постапките пред нотарите за издавање на решение за нотарски платен налог, зголемување ефикасноста на работата на нотарите и јакнењето на професионалните капацитети на нотарите.

Во делот на дигитализацијата на правосудниот систем, предвидени се следниве активности:

- Целосна дигитализација на 34 судови и над 120 судници;
- Измени на постојната законска регулатива за воведување на концептот на дигитализација и судење преку интернет (процесни закони);
- Обезбедување опрема за судници за онлајн судења;
- Дигитализација на процесот на издавање судски наредби за спроведување на посебни истражни мерки за следење и снимање на електронските комуникации;
- Надградба на АКМИС;
- Воведување интероперабилност на судовите, јавните обвинителства, адвокатите, нотарите, Катастарот на недвижности, Централниот регистар, Државното правобранителство и други субјекти и;
- Обезбедување на дигитални услуги за граѓаните.

Владата ќе продолжи со мерките за обезбедување фер и непристрасно судење, поради што во тек е мониторинг на случаи на висока корупција, во рамките на заедничкиот мониторинг проект на ЕУ/ОБСЕ каде ќе се следат 50 случаи на висока корупција во период од 4 години, од кои повеќе од 20 на високо ниво случаите на корупција се веќе идентификувани.

Владата ќе се обрати до Европската комисија со барање да се обезбеди тим од независни експерти кои ќе извршат меѓународен мониторинг на процеси за кои постојат сомневања дека врз нив било извршено политичко влијание, како што се: Монструм, Алфа, Диво Насеље, Малиот Алмир и др.

Владата останува посветена на процесот за реформа на изборното законодавство, при што ќе бидат вградени и препораките на ОБСЕ, ОДИХР, невладините организации, а со цел да се обезбедат услови за фер и демократски избори и рамноправни услови за политички натпревар.

**Јавната безбедност** е прв приоритет при обезбедувањето на редот во државата, за што е задолжено Министерството за внатрешни работи.

Владата ќе продолжи со јавните кампањи и со мерките за сигурност во сообраќајот што подразбира подразбира јасна и ригорозна регулација на брзини во населени места, поставување систем од камери за контрола на почитувањето на правилата и брзините, целосна автоматизација на процесот на казни и поврзување на казните со регистрацијата на автомобилот и брза достава и наплата од сторителите. На патиштата ќе се поставуваат и автоматизирани мобилни радари и камери бидејќи големиот број на жртви од сообраќајни несреќи е многу често резултат на неприлагодена брзина и непочитување на ограничувањата.

Полициските капацитети ќе се зајакнуваат со цел подобро да им служат на граѓаните и на нивната безбедност, за што предвидени се набавка на униформи, опрема за полицијата и останат материјал за потребите на редовното работење, реконструкција на повеќе полициски станици, реконструкција на Центарот за обука во Идризово, реконструкција на Одделот за граѓански работи во МРТВ, и изградба на ПС Аеродром.

Министерството за внатрешни работи ќе обезбеди и модернизација на едно летало на Одделотза воздухопловни единици на МВР сонајмодерна опрема за комуникација и опрема за гасење пожари.

## Современа администрација, дигитализирани услуги – граѓанинот на прво место

Целта на Владата е да обезбеди професионална јавна администрација, поддржана од интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники. Така ќе постигнеме: побрза услуга, подобар квалитет и еднаквост во пристапот за сите граѓани и деловни субјекти.

Ефективна е-Влада обезбедува широк спектар на придобивки, вклучувајќи поголема ефикасност и заштеди во буџетот, зголемена транспарентност и поголемо учество на граѓаните и деловната заедница во креирањето на политиките. Во овој контекст Владата смета дека јавната администрација мора да обезбедува дигитални услуги, како задолжителна опција. Администрацијата не смее да бара од граѓаните и деловната заедница никаква информација или податок, кој веќе е обезбеден и мора да дизајнира јавни услуги кои по дефиниција се инклузивни и ги исполнуваат потребите на ранливите групи, како што се возрасните и луѓето со пречки.

Ќе продолжат и ќе се интензивираат стратешките и долгорочни процеси за намалување на обемот на администрацијата за 20%, преку спојување на функции и надлежности на институциите, пензионирање на 64 години, пакети за трансфер во приватен сектор сл. Вниманието ќе го насочиме кон вработување на квалитетни кадри и нивно задржување во државната служба, развој на нивната кариера и обука, наградување и плати, мотивација, ресистематизација. Развојот на администрацијата мора ди следи најдобрите меѓународни практики за имплементација на знаења, критериуми за успешност, хоризонтална и вертикална интеграција на работните места и континурана едукација, како и напреден систем на проверка и контрола.

Реформите имаат потреба од професионални, искусни и стручни кадри. Ќе утврдиме современи критериуми за поставување, избор или именување на високи функционери со цел воспоставување на изедначени услови за избрани и именувани лица. Веруваме дека професионализацијата и деполитизацијата на јавната администрацијата мора да почне од врвот и затоа создаваме висока раководна служба.

- Продолжува **реорганизацијата** на јавната управа преку елиминирање на преклопувањата на надлежностите меѓу институциите и воведување јасна хиерархиска подреденост согласно улогата на институцијата (креатор на политики, спроведувач на политики, спроведувач на инспекциски надзор);
- Јасно и значително **дефинирање на надлежности** на сите нивоа во администрацијата. Ова значително ќе ја намали неодржливата централизација во администрацијата која ги забавува сите процеси, но и создава атмосфера на неодговорност и навики сѐ „да се чека од горе";
- **Повисоки плати – награда за резултат**. До 30% од вработените во институцијата ќе можат да добијат додатоци на плата доколку постигнат исклучителен резултат во остварување на целите кои на почеток на година Владата ќе ги утврди како нивна задача;
- **Индивидуална одговорност, но тимска оценка**. Граѓаните и бизнисите не ги интересира колку институциите формално спровеле од своите стратешки и акциски планови, туку какви услуги нудат. Не им значи ниту колку е добар или успешен раководителот, туку како функционира неговиот/нејзиниот тим. Затоа, ќе воведеме систем кој ги оценува институциите наспроти формално пополнување табели и спроведување на стратешките планови и оценка на тимовите односно одделенијата наспроти спроведувањето на акциските планови;
- По примерот на Естонија, премиерот ќе формира мали групи (академска заедница, бизнис-сектор, администрација) т.н. **System Innovation units** за нудење нови, иновативни решенија за системски проблеми во државата кои се провлекуваат со години;
- Пандемијата предизвикана од вирусот COVID-19 покажа дека електронската комуникација меѓу институциите е можна и многу ефикасна. Затоа, за две години, целокупната комуникација помеѓу институциите и во рамки на секоја институција ќе се

води **електронски**. Ќе се решат сите административни и правни резерви во врска со ова. Сите вработени во администрација ќе добијат јасни и обврзувачки инструкции во оваа смисла;

- **Една точка за услуги – едношалтерскиот систем** ќе продолжи да се развива во повеќе општини и ќе ги испорача најбараните услуги од страна на граѓаните, од кои еден дел ќе финишираат со целосно електронски продукт (на пр. уверенијата од матичните книги);
- Со потпишаниот договор со светски релевантниот Мастеркард (прв од ваков тип), станавме вистински глобален лидер во развојот и имплементацијата на **иновативни дигитални сертификати** за потврда на идентитетот. Договорот ќе значи брзи постапки и малку потрошено време за граѓаните да добијат документи од страна на институциите, но исто така и брзо потпишување и одобрување на барања во комуникацијата со приватните компании и банките;
- Клучен фактор за електронска комуникација помеѓу институциите е **Системот за управување со документи (ДМС),** шго е предуслов за ослободување од хартија и непродуктивни трошења на средства и време. Веќе во 2022 година ќе се поврзат 35 нови институции во ДМС на МИОА;
- Ќе се унапредува и **Централниот регистар на население**, преку инвестиција за да се зголеми капацитетот на системот за обработка на податоците, но и зајакнување на неговата стабилност во однос на параметрите за висока достапност со воспоставување на ДР локација, како и овозможување на точни податоци за граѓаните во сите интегрирани ИТ системи, од институции, компании, телекоми и издавачи на дигитален идентитет;
- Во рамките на националниот портал за услуги, преку модулот **„Прокси Агент“,** шалтерскиот службеник ќе може согласно пренесеното овластување, да посредува за Граѓанинот за остварување на одредена услуга. Модулот предвидува обезбедување на и т.н. лично граѓанско електронско сандаче каде што граѓаните ќе можат да ги чуваат своите документи добиени во електронска форма;
- Најприфатена за граѓаните се очекува да биде функционалноста на системот за **е-Услуги** преку која тие ќе можат да добијат отпечатен документ од електронската верзија, кој во десниот долен агол ќе има QR код. Со приложување на печатениот документ, до сите институции или сегде каде што има потреба, со QR читач ќе може да го симнат валидниот електронски документ, кој согласно закон претставува полноважен документ;
- Предвидени се средства за набавка на опрема за платформата **e-Citizens** и воспоставување на стандарди за пристапност, а едновремено се работи на модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси;
- До крајот на мандатот ќе воспоставиме централна институција (Агенција за дигитализација) која ќе биде одговорна за координација и спроведување на процесот на дигитализацијата во општеството, но и целосна ИТ поддршка за институциите на државната управа. Со основањето на ваква агенција, создаваме можност за постојано напредување и надградување на знаењата на ИТ професионалците и нивно соодветно наградување;

- До крајот на мандатот ќе обезбедиме целосна покриеност на неколку градови со **5G сигнал**, како и покриеност од 70% на главните коридори и патната мрежа во државата. При тоа, ќе предвидиме контрола и регулатива која ќе гарантира безбедност на граѓаните, критичната инфраструктура и безбедноста на државата.

## Унапредување на демократијата и слободата

Веруваме во вредностите на толеранцијата, правичноста, еднаквите можности, признавање на различностите, во мултикултурализмот и интеркултурната комуникација. Веруваме во социјална правда, еднакви можности на жените и мажите, вклученост и учество на граѓаните во одлучувањето и постигнување општествена кохезија. Европската Унија се темели на различни народи, различни култури и јазици, но говори и работи на принципот на ЗАЕДНИШТВО НИЗ РАЗЛИКИТЕ. Ние сме вистински пример дека оваа политика и овие вредности можат да функционираат и на Балканот.

Владата во изминатите четири години направи целосен пресврт во политиките во насока на отворање на институциите и информациите кон јавноста, постојана двонасочна комуникација со медиумите, исцртување јасна разлика меѓу партиските и државните работи и активности и уважување на правата кои им следуваат на сите граѓани и сите заедници, согласно Уставот.

Охридскиот договор како основоположник на кохезивноста и еднаквоста во нашето општество и како дел од Уставот претставува додадена вредност на нашата демократија и неговото постојано доследно спроведување е приоритет на Владата со чие исполнување истовремено се обезбедуваат добри и одржливи меѓуетнички односи помеѓу сите заедници во Северна Македонија.

### Справување со дезинформации

Одбраната на демократија и слободата значи и справување со штетите кои ги предизвикуваат дезинформациите, глобален феномен реализиран низ хибридни напади координирани од различни центри на моќ кои има за цел да ги напаѓаат и слабеат демократските општества.

Владата ќе ги интензивира своите напори во справувањето со дезинформациите преку неколку основни столбови на дејствување:

Активна транспарентност:

- Владата ќе ја интензивира реализацијата на Стратегијата за транспарентност преку основање на организациона единица задолжена за имплементација на стратегијата во рамки на Генералниот секретаријат на Владата;
- Усвоените пракси и политики за проактивно објавување документи, информации, извештаи и сѐ што е од интерес на јавноста во разбирлив и едноставен формат ќе продолжи да се имплементира во сите институции од извршната власт;

- Владата и натаму силно ќе препорачува општините да ја зголемат транспарентноста, а финансиските трансакции за програмите преку кои Владата исплаќа средства на општините, капиталните инвестиции, инвестициите со поддршка на Светска Банка, проектите од средствата од ТАВ, ќе бидат условени со видливо зголемена отчетност на општините;
- Во текот на 2022 година МИОА ќе го заврши процесот на модернизација и изедначување на новите веб-страници на министерствата и Владата со што ќе се обезбедат нови дигитални и современи алатки за олеснување на проактивната транспарентност на секоја институција.

Модерни проактивни комуникации: Со комбинирање на различни канали за комуникација за проактивни комуникации, Владата е фокусирана на промовирање наративи за демократија кои се засноваат на принципите на вредностите на Европската унија: солидарност, различност, регионална соработка, слобода на движење, антидискриминација итн. Целта на овој проактивен пристап е да се постави наратив кој доминира над вообичаените наративи кои ги пласираат центрите за дезинформации: национализам, дискриминација, антивакцинација итн.

Медиумска писменост: Со новата Концепција за основно образование медиумската писменост се изучува како посебна тема во наставната програма по мајчин јазик (македонски, албански, турски, српски, босански). Секогаш кога е можно наставникот ќе ја интегрира медиумската писменост со останатите теми и подрачја, со цел да им се овозможи на учениците да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

Во учебната 2021/2022, новите наставни програми започнаа да се реализираат во прво и четврто одделение, а изучувањето на медиумската писменост се изучува во овие две одделенија и постепено ќе се воведува во новите наставни програми за другите одделенија.

Потребата за медиумската писменост произлегува од фактот што современите средства за масовна комуникација овозможуваат лесно пласирање на дезинформации и злонамерно фабрикувани манипулации кои го контаминираат јавниот дискурс и ги доведуваат граѓаните во заблуда.

Ако создадеме генерации коишто имаат повеќе знаења и алатки за справување со лажни вести ќе бидеме поподготвени за битка со нив и за превенција на кризни ситуации креирани со лажни вести.

Соработка и вмрежување: Создаваме средина за споделување искуства и дефинирање на неколку клучни заеднички столбови меѓу сите чинители во земјата, но и во регионот. Постои силна политичка поддршка за мешаните платформи меѓу граѓанските организации, медиумите и владините институции кои ќе создадат силни мрежи за борба против центрите за дезинформација. Владата е во постојана соработка со главните платформи на социјалните медиуми на тема дезинформации.

Брза реакција: Владата усвои протокол за кризни комуникации, како дел од Комуникациската стратегија на Владата, кој вклучува методологии за брз одговор кои се клучни за раните реакции во насока на намалување на штетата предизвикана од дезинформации. Протоколот ќе се користи во секојдневното справување со дезинформации на Секторот за комуникации на Владата и е особено корисен во услови на инфодемијата која ја придружи пандемијата.

## Граѓанско општество

Согласно усвоената Стратегија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 година, Владата е определена за унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија.

Во таа смисла, Владата во партнерство со чинителите од граѓанското општество ќе спроведе серија активности за да ги оствари зацртаните цели:

- Унапредување на правната рамка за граѓанските организации;
- Зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации;
- Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој;
- Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации;
- Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките;
- Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција;
- Унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето;
- Развој на социјално претприемништво;
- Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач;
- Промовирање и развој на волонтерството;

- Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество;
- Зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата.

## Поддршка на демократските реформи во медиумскиот сектор

Владата ќе продолжи да го поддржува и да придонесува кон унапредување на плурализмот во медиумскиот простор, да поддржува иницијативи за кои произлегуваат од новинарскиот и медиумскиот еснаф и да спроведува и иницира реформи во медиумскиот сектор согласно своите ингеренции, а во консултација со релевантните институции, медиумските работници, медиумите и граѓанските организации кои се занимаваат со медиумски политики.

За таа цел, МИОА ќе го финализира формирањето на Националниот совет за реформи во медиумската сфера со цел да придонесе носењето одлуки во процесот на реформи да биде поткрепено со поширока релевантна консултација со засегнатите страни, институциите, медиумите, граѓанското општество, академијата, експертите и јавноста.

Крајната цел на владините политики во медиумската сфера се зголемување на медиумските слободи, обезбедување уште подобри услови за професионално медиумско работење, основање медиумски фонд за продукција на домашни содржини, за поддршка на медиумските работници и за истражувачко новинарство, поддршка на јавниот интерес со релевантни и кредибилни јавни комуникации и слично.

Владата ќе ги продолжи консултациите со чинителите од медиумската сфера со цел утврдување на деталите околу моделот за реализација на информативни и едукативни кампањи од јавен интерес, кои ќе се спроведуваат низ целосна транспарентна и јавна постапка, со активни механизми за заштита од злоупотреба на буџетските средства и со механизми кои ќе ги отстранат сите ризици од влијанија врз уредувачките политики на медиумите, пракса која беше симбол на недемократските влади во периодот до 2016 година.

Владата ќе продолжи да ја реализира Програмата за поддршка за печатените медиуми, покрената со цел да ја поттикне разновидноста на изворите за информирање како и да обезбеди одржливост на постоењето на овој традиционален вид на медиуми, во услови на брзорастечка дигитализација и во согласност со праксата која е присутна во многу земји и којашто е препорачана и поддржана од ОБСЕ и од меѓународните медиумски организации.

Владата ќе продолжи да инсистира пратениците, неодложно во првата половина од 2022 година, во Собранието да го финализираат процесот на избор на членови на управните тела на МРТВ и АВМУ, со цел конечна демократизација и реформа во начинот на работа на овие две клучни надлежни институции во делот на медиумските права, слободи и регулации.

## Едно општество, еднакво за сите

Преку оваа програма градиме силно и обединето, кохезивно општество, кое ги почитува достоинството и човековите права и секому му овозможува еднакви можности. Општество кое е различно, но кое е стабилно, безбедно, толерантно. Општествово кое секој се чувствува дома.

Најголем дел од владината програма се реализира преку Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот чијшто акциски план меѓу другото цели преку неа да се спроведат препораките на меѓународните тела на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската комисија, како и Организацијата за безбедност и соработка во Европа. Една од главните цели е постојано унапредување и реафирмирање на уставниот принцип на правичната застапеност од сите заедници. Се грижиме тој да се почитува и во извршната и во законодавната и во судската власт.

Институциите кои се надлежни за реализација на оваа програма ќе воспостават функционална мрежа за соработка и интеракција. Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците ќе се стави во целосна функционалност и ќе се доекипира. Соодветно и Агенцијата за остварување на правата на помалите заедници, и двете Управи, за унапредување на културните и јазичните права на помалите заедници. Врзано со примената на Законот за употреба на јазиците Владата ќе ги дооформи Агенцијата и Инспекторатот.

Ќе се обезбеди поголема интеракција меѓу учениците од различните етнички заедници и различните наставни јазици во основното и средното образование.

Предвидена е поддршка и за училиштата да реализираат заеднички часови со ученици коишто следат настава на различен јазик.

Во новата владина програма предвидени се мерки за подобрено познавање на македонскиот јазик меѓу учениците кои посетуваат настава на јазик различен од македонскиот, како и мерки за учениците што учат на македонски јазик да се оспособат за базична комуникација на јазикот на други етнички заедници.

Агенцијата за млади и спорт ќе изработи прирачник за реализација на проектни активности од младински и спортски здруженија на граѓани за културата и традицијата на сите заедници. Таа ќе подготви и прирачник на сите актуелни мерки против насилството и говорот на омраза и криминал од омраза.

Министерството за локална самоуправа ќе ја подобри функционалноста на Комисиите за односи меѓу заедниците во единиците на локалната самоуправа, со препораки за институционализирање на процесите на консултација и учество.

Министерството за култура ќе ги подобри севкупните капацитети и ресурси на институциите од културата и уметноста за креирање проекти кои ја обезбедуваат интеркултурната димензија и го почитуваат културниот диверзитет.

Владата ќе им даде поддршка на иницијативите за основање на нови културни институции на заедниците. Такви се барањата за формирање Турски културен центар, како и Ромски театар и Ромски културен центар.

Една од поголемите активности ќе биде и создавање Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците.

Владата ќе го повика, охрабри и ќе соработува со бизнис секторот т.е. домашните и странски компании да ги поддржат добрите меѓуетнички односи и вредностите на толеранција, застапеност и меѓусебна доверба и во нивните работни средини, за да се искористи целокупниот човечки потенцијал со кој располага нашата земја.

## Европска култура

Културните политики се клучот за натамошната европеизација на нашето општество. Принципите и вредностите на кои инсистираме се клучните европски вредности: негата на индивидуалните и колективните идентитети, заштитата на културното наследство, мултикултуралноста, грижата за различностите и ранливите граѓани, интеркултурниот дијалог, децентрализацијата, учеството и културната демократија.

Владата ќе промовира политики на меѓусебно почитување и прикажување на различностите како уникатна предност на нашето општество.

Целта на Владата ќе биде да ја развиеме културата во сите нејзини сегменти. Да ги зајакнеме институциите кадровски, инфраструктурно, технички и програмски. Да ги подобриме условите

за работа во вон-институционалниот сектор и да создадеме практики на соработка и синергии меѓу нив. Да го унапредиме социјалниот статус и на вработените и да го валоризираме авторскиот труд на сите ангажирани во културата. Да привлечеме повеќе публика и да им овозможиме на што повеќе граѓани да земат учество во културните активности. Истовремено, во согласност со европските трендови, предвидуваме мерки со кои ќе го искористиме потенцијалот на културата да придонесе во економскиот развој, особено на локално ниво. Ќе го засилиме присуството на креативните и критичките вештини во образовниот процес, но и во развојот на новите и иновативни бизниси.

Културното наследство ќе игра клучна улога во нашите политики. Тоа го засилува чувството на припаѓање, на споделување заеднички вредности и традиции. Ја застапуваме европската идеја дека културното наследство е заеднички ресурс, кој ја подига свеста за нашата заедничка историја, која нè обединува како граѓани, но и нè легитимира пред европското семејство на држави, активно придонесувајќи во целокупниот европски идентитет.

Со новата програма „Културно наследство во опасност" акцент ќе се стави на заштитата на културното наследство во опасност, како што е на пример црквата во с. Курбиново. Во 2022 година ќе се продолжи соработката со Европската комисија, Советот на Европа и со други меѓународни организации и билатерални партнери. Исто така, се продолжуваат активностите поврзани со спроведување на програмите за прекугранична соработка од ИПА на Европската Комисија, продолжува поддршката на програми и проекти на националните установи и продолжуваат активностите поврзани со Агендата на Европската Комисија за Западен Балкан.

Ќе се воведе систем на задолжително финансирање на спомениците од Листата на споменици од национален интерес, по принципот на категорија по вредност и степен на загрозеност. Листата ќе биде отворена и во неа постојано ќе можат да се впишуваат нови споменици од недвижното, движното и нематеријалното наследство.

Ќе го зголемиме бројот на стручниот кадар во конзерваторските центри. Во 2022 година ќе извршиме ревизија и бришење од регистарот на сите незаконски запишани споменици и објекти од т.н. проект „Скопје 2014", кои по својата природа не можат да претставуваат културно наследство.

Ќе поддржиме развој на културните и креативните индустрии врзани со производи на традиционалната култура со вклучување на аматерските фолклорни организации кои го негуваат традиционалното творештво.

Преку Министерството за култура, ќе го поддржиме литературното творештво на млади автори преку востановување посебни стимулативни мерки. Ќе се даде поддршка на преводот и на преводната литература, со посебен акцент на квалитетот на преводот и соодветно финансиско вреднување на трудот на литературните преведувачи што преведуваат од оригиналниот јазик.

После одбележувањето на 30-годишнината од независноста на државата, 20-годишнината од Охридскиот рамковен договор и 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески, Владата и Министерството за култура ќе продолжат да ги развиваат најдобрите и најуспешните примери во програми и проекти кои ќе преминат во редовни годишни културни иницијативи.

Грижата и унапредувањето на македонскиот јазик за што не задолжија Пулевски, Мисирков, Рацин и Конески ќе ја интензивираме и преку создавањето на Центарот за грижа и унапредување на македонскиот јазик кој ќе се издигне врз темелите и низ реконструкција на старото училиште во село Љубојно во Преспа.

Ќе продолжи подобрувањето на условите за работа во националните установи во областа на културата преку вложување во инфраструктурата (изградба, реконструкција и санација на објектите во кои се сместени националните установи, набавка на соодветна опрема за работа на установите) со што ќе се обезбедат подобри услови за реализација и следење на проектите од национален интерес во културата.

Во Буџетот за 2022 година се дефинирани капиталните проекти за изградба и реконструкција на објектите од областа на културата: Изградба на Турски театар во Скопје, изградба на Театар и библиотека во Тетово, изградбата на театарот во Струмица, реконструкција на театарот во Куманово, реконструкција на Центарот за култура во Кочани, реконструкција на Центарот за култура во Гостивар, реконструкција и санација на Националната универзитетска библиотека Св.Климент Охридски во Скопје.

Владата ќе ја продолжи втората фаза на институционалната децентрализација која треба да им обезбеди најдобри услуги на граѓаните согласно Европската повелба за локални самоуправи. За да се надминат слабостите од првата фаза на децентрализацијата ќе извршиме зголемување на блок дотациите за да ги покриваат сите реални потреби на локалната установа, средствата за тековно и материјално одржување на установите, за нови инвестиции, а со цел подобрување на состојбата на објектите на локалните установи во културата и нивната функционалност и редовно ќе ги одобруваме барањата за пополнување на упразнети работни места, како и за нови неопходни вработувања во локалните установи од Министерството за финансии. Живееме во нерамномерно развиена земја. Во културата ќе работиме на рамномерен културен развој, пред сè, преку политиките и инструментите на децентрализацијата и деметрополизацијата на култура.

Културната економија може да биде голем извор на приходи и да го намали или да го спречи одливот на луѓе од локалните заедници во главниот град и во странство. Таа е и голема движечка сила на одржливиот развој. Нашата културна разновидност претставува голем

потенцијал за развојот на овој вид економија. Ние ќе преземеме серија мерки за да го заживееме овој приоритет на современите европски политики:

- Ќе го зголемиме бројот на креативни центри и инкубатори, каде што се млади и стартап фирми, здруженија на граѓани и самостојни уметници, фриленсери кои ќе ги имаат сите можности да работат заедно и да создаваат заеднички вредности и културолошко-уметнички услуги;
- Ќе дадеме полна поддршка за максимално искористување на ИПА механизмот за развој на креативните и културните индустрии. Ќе овозможиме обуки и ќе создадеме линии за кофинансирање на проектите во оваа, како што направивме и за другите програми од ЕУ, како Креативна Европа.

Владата на Република Северна Македонија ќе го почитува Колективен договор за вработените во културата. Меѓу другото, договорот го регулира надоместокот на трошоци за превоз од и до работното место во специфични услови, потоа надомест за теренски додаток, надомест на трошоци за одвоен живот од семејството, надомест на трошоци за користење сопствено возило за потребите на работодавачот, надомест на трошоци при селидба, отпремнина при одење во пензија и јубилејни награди. Во соработка со синдикатите ќе отвориме дебата околу сите други права на вработените во културата од типот на бенефициран стаж, дополнителни работи надвор од Годишната програма за работа на установата, либерализација на условите и на постапките за самостојни уметници и правила за користење на други типови на поволности како (парични надоместоци, доделување на простор за работа или за објавување дела без надомест, подарување или изнајмување на опрема и инструменти без надомест и средства за осигурување дела, инструменти).

## Активно население, спорт и рекреација за сите граѓани

За Владата на Република Северна Македонија спортот преставува средство за постигнување на подобар социјален и економски развој и игра важна улога во културната историја на нашата земја. Спортот ги зајакнува младите, жените, индивидуите и заедниците и придонесува кон градење на кохезивно, толерантно и одржливо општество.

Физичката активност освен што има позитивно влијание на менталното здравје и когнитивниот развој, ги поттикнува младите на социјална интеракција и градење на партнерства основани на позитивни општествени вредности.

Нашите цели се однесуваат на градење на физички активно население, стимулирање и развој на спортска култура во нашата земја, креирање на политики на интегритет во спортските организации, афирмација на спортска дипломатија и врвниот спорт.

Овие цели ќе ги исполниме преку следните активности:

- Спроведување на истражување на национално ниво за партиципација на граѓани во спортско-рекреативни активности и креирање на Програма за физички активно население. Ќе ја имплементираме мерката МакФит која претставува годишна проценка и следење на физичкиот развој и моторичката ефикасност на деца и млади;
- Ќе предложиме нов Закон за спорт, со кој ќе се обезбеди статус на дејноста спорт и спортистите во нашата земја и кој ќе биде во согласност со ревидираниот Европски модел на спорт;
- Ќе креираме Стратегија за развој на спортот 2022-2027 година, со утврдени цели и приоритети за развој на рекреативен и професионален спорт;
- Ќе креираме политики на интегритет кои подразбираат принцип на добро владеење, отчетност и транспарентност кај сите спортски организации како и усвојување на кодекс на добро владеење задолжителен при државно финансирање на спортски организации;
- Ќе креираме стратегија за стопанисување и користење на објектите за спорт, која ќе ја унапреди функционалноста и можностите за користење на спортските објекти со цел развој на рекреативниот и професионален спорт;
- Ќе го надградиме и унапредиме ваучерскиот систем со цел еднаква и транспарентна поддршка на спортот и спортистите;
- Ќе воведеме родова перспектива при креирање и имплементација на спортските политики и буџетите на локално и централно ниво и ќе организираме едукација за примена на родовата перспектива во политиките и буџетите на спортските организации;
- Ќе поддржиме едукација на стручните кадри во спортскиот сектор како и едукација на тема дуална кариера за младите спортисти и спортистки, со поддршка на национални и интернационални експерти;
- Ќе ја унапредиме соработката со Олимпискиот и Параолимпискиот комитет како и со сите други значајни спортски организации на национално ниво. Ќе бидеме проактивни во соработката со Совет на Европа, УНЕСКО, Меѓународното партнерство против корупција во спортот и други важни интернационални организации со цел креирање на одржливи и прогресивни спортски политики;
- Ќе го развиеме концептот на спортска дипломатија и ќе креираме програми за спортска дипломатија кои подразбираат учество и размена на млади и промоција на меѓународна соработка. Ќе развиеме обуки за дипломатија наменети за врвни спортисти и спортски клубови со цел креирање на т.н. спортски амбасадори;
- Ќе продолжиме со инвестиција и градење на спортски објекти, почитувајќи го начелото на рамномерен регионален развој и еднаков пристап на лица и спортски клубови;

- Ќе го подобриме статусот на спортистите преку поддршката на национална спортска организација чија цел е да ги штити правата на спортистите и спортистките и да се залага за нивна застапеност во сите процеси на донесување на одлуки;
- Ќе го поддржиме стручно-научниот кадар при спроведување на научно-истражувачка дејност со цел нејзина примена во развој на спортот;
- Сите спортски објекти во сопственост на државата и општините кои се даваат на концесија или се под ЈПП ќе бидат задолжени да обезбедат најмалку 15% од термините за деца и млади од социјално ранливи категории;
- Ќе ги повикаме сите наставници по физичко образование и спорт од сите училишта во саботите да организираат 2 часа спорт на отворено: атлетика, планинарење, пешачење, фудбал, кошарка, спортски игри;
- Ќе ги реализираме целосно проектите за изградба и реконструкција (санација) на спортски објекти започнати: изградба на пливачки базен во општина Охрид, изградба на 14 затворени училишни базени, изградба на сала во општина Чаир за боречки вештини, изградба на 10 игралишта за баскет, изградба на Дом на спортови, изградба на затворен базен во Тетово, реконструкција на спортските сали во Неготино и Велес, на базенот во Струга, на стадионот во Кавадарци и реконструкција на спортска инфраструктура во општините: Кисела Вода, Битола, Илинден, Демир Капија, Гостивар, хокеј арена во СЦБТ, Карпош, Кичево, Липково, Долнени и Струга;
- Ќе ги анализираме сите договори за концесија на спортските објекти и сали и ќе мониторираме дали се исполнуваат обврските кон заедницата.

# Интеграции, НАТО и ЕУ

Северна Македонија успеа од меѓународно изолирана држава, раскарана со соседите, со закочени евроатлантски процеси, со неизвесна и бесперспективна иднина, да стане држава-пример која носи храбри одлуки за иднината,држава-фактор на стабилност и просперитет на регионот.

## Ние сме НАТО

Ја оствaривме повеќедецениската стратешка цел, членство во НАТО. Тоа значи мир, стабилност, сигурна иднина. Со НАТО ја обезбедивме целовитоста и развојот на државата. Членството во најмоќниот сојуз ќе го искористиме мудро и стратешки. Сојузот е извонредна шанса за мала држава со ограничени ресурси да ја зголеми својата специфична моќ и да ја искористи за свое влијание. За таа цел, ќе обезбедиме активна и способна Мисија во НАТО која на дело ќе покаже дека државата има знаење, искуство и нов модерен дух на работа и соработка.

НАТО е шанса и за нашата бизнис заедница. Со полноправното членство, за нашите компании се отвори и големиот ланец на набавки/снабдување со производи за потребите на НАТО Алијансата. Ги обезбедивме првите информации и контакти со соодветните НАТО агенции, а во новиот мандат стратешки ќе помогнеме на сите наши заинтересирани фирми поорганизирано да ја искористат оваа шанса за развој и поголем извоз.

Со членството во Северноатлантската договорна организација како и идното членство во Европската Унија, продолжува изградбата на способностите за колективна одбрана, кооперативна безбедност и управување со кризи. Прашањето на опстанокот е затворена тема, а стабилноста, развојот и иднината на државата остануваат приоритет. Македонското небо е заштитено од НАТО.

На патот кон ЕУ пред нас се предизвиците за кои двете влади, на Северна Македонија и на Бугарија, сме одлучни дека ќе ги најдеме решенијата низ дијалог и низ соработка. Сигурни сме дека македонските и бугарските граѓани се заинтересирани за повеќе економија, за културни, образовни и младински размени, за инфраструктура која поврзува. Јасно велиме дека историјата е на историчарите, но идентитетските прашања се и прашања и темели на народот и на државата, па оттука за Владата на Северна Македонија нема да постои никаква дилема дека никој не смее и никој нема да преговара за идентитетот на македонскиот народ и за историски и научно потврдената специфичност и уникатност на македонскиот јазик.

Разговорите со Република Бугарија ќе продолжат бидејќи ние сме пријателска земја која развива добрососедство и бидејќи имаме исклучителен стратешки интерес да ги започнеме

преговорите за членство во ЕУ.

За воспоставување на систем на одбраната ќе продолжиме со стабилно финансирање на одбраната и достигнување на 2% од БДП за одбранбениот буџет до 2024 преку пораст за 0,2% од БДП секоја година. Стабилно финансирање значи стабилна и силна Армија и вистински придонес во Алијансата. Силна Армија значи и силна поддршка на државата во услови на кризи и акции за заштита и спасување на национално ниво. Силна Армија ќе биде и силна поддршка на цивилното општество.

Стабилното финансирање на Армијата ќе овозможи понатамошен пораст на платите, но и зголемување на борбената готовност и интероперабилност на Армијата и нејзина сериозна модернизација, особено земајќи ги предвид новите безбедносни предизвици. Владата ќе го спроведува Планот за опремување и модернизација на Армијата согласно приоритетите за опремување на декларираните сили преку повеќегодишни проекти: развој на Лесната пешадиска баталјонска група лоцирана во гарнизонот во Штип со фокус на обуката и опремувањето, продолжување на отпочнатиот проект за набавка на оклопни транспортери на тркала, сајбер одбрана, воведување на воено воздухопловство од западно производство, набавка на лична заштитна опрема за припадниците на Армијата, набавка на системи за противвоздушна одбрана. Ќе ги засилиме обуките и вежбовните активности. Тежиштето во иднина и во овој сегмент ќе биде на декларираните сили, поточно Лесната пешадиска баталјонска група.

Владата ќе продолжи да инвестира во модернизација на Армискиот полигон „Криволак" (инфраструктурно поврзување, развој на нови содржини, решавање на проблем со водоснабдување), кој ќе стане домашен и НАТО ресурс, но ќе придонесе и кон зајакнување на локалните и националната економија. Експертите од НАТО и САД високо ги оценуваат капацитетите на АП „Криволак", со можноста за прераснување во НАТО полигон за обуки и вежбовни активности. Воедно, ќе обезбедиме постојана мерна станица за да покажеме придржување до сите стандарди за зачувување на животната средина.

Продолжуваме со подобрување и обнова на инфраструктурата на воените објекти со реновирање на стари и изградба на нови објекти, со имплементација на обновливи извори на енергија секаде и реконструкција на следните објекти: касарната Илинден, Командата на SEEBRIG, Военатаакадемија, водоводната и канализациона мрежа во касарната во Штип.

## Следна цел – Членство во ЕУ

Целта на политиките на Владата е да ги донесеме европските стандарди и вредности дома и да им овозможиме на граѓаните европски начин на живот. Европската Унија е систем на вредности кои значат правна држава во која сите сме еднакви пред законот, во која редот, поредокот и организираноста се предвидливи и се дел од нашето секојдневие. Напредокот кој го оствaривме

изминативе 4 години значат повеќе отворени фондови за нашите граѓани, преку кои се поддржува солидарноста, еднакво општество за сите, квалитетна инфраструктура, продуктивно и одржливо земјоделие, како и здрава животна средина. Промените кои ги правиме заради зачленувањето во ЕУ се наш државен интерес и нивното доследно спроведување се за да ја донесеме Европа дома.

Северна Македонија има концепт кој може да биде модел корисен за Европската Унија. Нашето поведение, зрелост и заедништвото што го градиме, како и односот кон соседите и предизвиците дома можат да бидат додадена вредност за Европа. Фактот што од нашите длабоки политички општествени и економски кризи излеговме позрели, посилни и помудри може да бидат пример за решавање на некои отворени прашања во регионот и во ЕУ.

Не постои земја членка на ЕУ која има забелешки за нашите реформи, напротив, напредокот во сите аспекти од европеизацијата е признаен и препознаен и поради тоа имаме јасна препорака за почеток на преговорите.

Заради подготовката и одржувањето целосна спремност за почеток на преговорите:

- Воспоставуваме мотивирана, ефикасна и професионална преговарачка структура;
- Обезбедуваме широк консензус помеѓу политичките партии, но и пошироко во општеството околу суштинските реформи врзани за нашето пристапување кон Европската унија. Ќе ги повикаме сите да го стават членството во ЕУ пред нивните политички интереси и да дадат поддршка на имплементацијата на ЕУ приоритетите и препораките на европските институции;
- Имаме база на податоци на сите домашни експерти и стручни лица од дијаспората кои активно ќе бидат вклучени во работните групи за преговори;
- Ќе создадеме услови за подобро инфраструктурното поврзување со Брисел. Ќе ја разгледаме можноста за потпишување стратешко партнерство со европски авиопревозник за воспоставување на директна, редовна линија со Брисел;
- Ќе направиме посебна буџетска програма за преговори со ЕУ во буџетите на министерствата и други надлежни институции;
- Во консултации со универзитетите ќе поддржиме нови или прилагодени образовни програми кои ќе градат кадри за потребите на државата во европските институции;
- Ќе имаме проактивна соработка со сите институции, политички партии, бизнис заедницата, граѓанскиот сектор и медиумите со цел да се доближи преговарачкиот процес до граѓаните. Преговараме и работиме во име на целата држава. Затоа, преговорите ќе ги опфатат сите: Владата, администрацијата, Собранието, регулаторите, граѓанскиот сектор, академската заедница, деловниот свет;
- „ЕУ инфо мрежа" - Постоечките ЕУ инфо точки ќе ги трансформираме во регионални центри за Европа во кои ќе се вршат дневни презентации на можностите за граѓаните и бизнис секторот за искористување на европските пари и постојана едукација за максимална апсорпција и искористување на инструментите кои ни ги нуди

претпристапниот процес.

Огромни се можностите кои произлегуваат од економскиот и инвестициски план на ЕУ за Западен Балкан за закрепнување на економиите и подобрување на конкурентноста. Очекуваме солидарноста да се задржи како врвна европска вредност, а плановите за помош да се базираат на директно вложување во развој и поддршка на компаниите и евтини заеми наместо скапи кредити, неразумно штедење и долгорочна презадолженост.

Сите фондови без разлика на областа во која се насочуваат ќе бидат искористени за зајакнување и реформа на институциите и политиките, за унапредување на дијалогот со сите чинители и ќе се мери нивното влијание врз социјалната инклузија, родова еднаквост, заштита на човекови права и заштита на животна средина.

Целта на Владата ќе биде фондовите да ги приближиме до граѓаните – да им бидат подостапни, повидливи. Тоа значи дека покрај државните институции, новите средства од ИПА 3 Програмата ќе ги обезбедиме и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции, па дури и за неформалните групи на граѓани.

Свесни за предизвиците во апсорпционата моќ, Владата ќе инвестира во човечкиот капитал во институциите и надвор од нив за подготовка на зрели проекти кои ќе се финансираат преку ИПА 3 и подготовка на земјата за што поуспешно искористување на големите европски структурни и кохезиони фондови. Проектите ги развиваме во неколку клучни столбови:

1. Владеење на право, темелни права и демократија;
2. Добро управување, усогласеност со европските стандарди, стратешка комуникација и добрососедски односи;
3. Зелена агенда и одржлива поврзаност – животна средина и климатски промени / транспорт / дигитални промени / енергија / циркуларна економија;
4. Конкурентност и инклузивен раст – структурни реформи / капитални инвестиции / изградба на административни капацитети;
5. Територијална и прекугранична соработка – INTERREG/CBC.

За оваа цел, ќе создадеме:

- Национален стратегиски документ за билатерална помош. Како што постои Национален стратегиски документ за европската помош, така ќе создадеме и таков документ за помошта од други држави (билатерална помош);
- Буџетска линија за преговори и развој на политики. Потребата за обезбедување на ваков флексибилен финансиски пакет произлегува од ад хок потребите кои се јавуваат при фазата на усогласување и хармонизација со законодавството на ЕУ, а кои не можеле да бидат предвидени во фазата на програмирање на ИПА средства;
- Гарантен фонд за кофинасирање на проекти и помош при развивање на квалитетни и

зрели ЕУ проекти, поддршка преку ваучер-шеми и рамковни консултанти. Изработката на проекти е комерцијална дејност, заради што ќе поттикнеме поединци и претпријатија да почнат да се занимаваат со овој бизнис и развој на таканаречениот ваучер-систем. Овој систем е особено погоден за микро, малите и средни претпријатија при искористувањето на средствата од програмите на Унијата, особено во развој на иновативни и дигитализирани решенија. Ваучер-системот ќе биде достапен и за други целни групи, како земјоделците при развојот на проекти од ИПАРД програмата, образовните институции за програмата Еразмус+ и др. Системот на консултанти ќе биде строго регулиран по примерот на ЕУ рамковните консултанти при што ќе добијат и дополнителни бенефиции, главно даночни олеснувања;

- Гарантен фонд за кофинасирање на проекти и поврзување со статус од јавен интерес. Секоја организација која ќе привлече европски средства и за тоа ќе добие средства за кофинансирање, ќе се стекне со статусот „организација од јавен интерес" при што ќе добие и дополнителни бенефиции, главно даночни олеснувања.

Нема успешни ЕУ интеграции без квалитетни луѓе во институциите: мотивирани, компетентни, добро обучени, луѓе со интегритет кои ќе бидат носечки столб на процесот на позитивна промена. Ќе развиеме сеопфатна, паметна политика на задржување на кадарот.

## Добрососедство и иницијативата „Отворен Балкан"

Владата ќе продолжи да ги одржува и развива добрососедските и пријателски односи со сите свои пет соседи, постојано иницирајќи нови програми и проекти за поврзување на граѓаните на Северна Македонија со граѓаните на Грција, Бугарија, Србија, Албанија и Косово.

Владата е посветена на целосно спроведување на Договорот од Преспа со Грција, како и на Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија согласно преземените билатерални обврски и посветено се залага за блиска соработка со своите соседи и за решенија за сите отворени прашања во духот на европските вредности.

Иницијативата „Отворен Балкан" произлегува од Берлинскиот процес и на својот почеток беше именувана како Напредна регионална иницијатива за соработка.

„Отворен Балкан" во моментов е иницијатива во која членуваат Северна Македонија, Албанија и Србија, а има за цел да го промовира и да го развива капацитетот на регионот, како и да донесе конкретни придобивки за граѓаните и за бизнисите.
Оваа иницијатива е можност за зајакнување на регионалната економска соработка и унапредување на слободата на движење на луѓе и добра.
„Отворен Балкан" не е алтернатива на ЕУ. „Отворен Балкан" значи побрзо и подготвено до ЕУ.

Сите останати земји од регионот имаат отворена, јавна, директна и недвосмислена покана да се придружат.

Повикуваме на придонес кон големата идеја Западен Балкан да стане „Отворен Балкан" кој носи конкретни придобивки за сите наши граѓани, да направиме да стане важен, реален дел од секојдневниот живот на нашите граѓани преку единствениот пазар.

Ги потпишавме Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан и Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.

Со овие договори им овозможуваме на граѓаните на Северна Македонија, Албанија и Србија пристап до електронските услуги на националните портали на трите земји преку креирање електронска идентификација "Отворен Балкан" со што започнува остварувањето на можноста за олеснет и непречен пристап до пазарот на труд во трите земји, а веќе се спроведува Договорот за соработка во ветеринарното, фитосанитарното и безбедноста на храната, со што нема повеќе чекање на граничните премини, односно ако стоката тргне од Саранда во Албанија и преку Северна Македонија треба да оди во Суботица во Србија, трите држави си ги признаваат лабораториските анализи, се врши усогласување на документите за стоката од животинско и растително потекло и нема веќе потреба од вообичаените чекања со часови по границите.

„Отворен Балкан" води кон бришење на границите како административни бариери и ги овозможува четирите европски слободи за движење на луѓето, стоките, услугите и капиталот.

Следува во туризмот да се интензивира соработката меѓу агенциите за туризам од трите држави за да утврдат заедничка понуда кон светските пазари, што ќе го промовира „Отворен Балкан" како атрактивна дестинација.

Се развиваат идеи и проекти за регионален вински туризам преку поуспешно преставување на светските саеми за вино и соработка за унапредување на индустријата, а веќе во мај 2022 ќе го имаме и првиот „Отворен Балкан" вински саем за поголема афирмација на виното од регионот.

Државите од „Отворен Балкан" работат и на основање заеднички филмски фонд на кој ќе аплицираат копродукции иницирани од трите земји.

Трите влади се обврзаа и дека ќе се интензивираат контактите, познанствата, размените и заедничките иницијативи меѓу младите од нашите држави преку организација на настани. Од заеднички летувања, преку спортски турнири и културни настани до научно - истражувачки хабови.

## Ние во светот

Станавме пример во регионот за пријателство и соработка. Решавањето на споровите со соседите доведе до создавање на нови позитивни економски и финансиски текови и внесе свежа енергија во регионалната соработка на Западен Балкан.

Примарен интерес на МК во регионалната соработка е да се развиваат практични мерки коишто го олеснуваат секојдневниот живот на граѓаните и ги отстрануваат бариерите за полесна трговија, повеќе инвестиции, поголема мобилност на човечкиот капитал и побрза дигитализација и модернизација на Западен Балкан. Преку таква регионална соработка, ние државите од Западен Балкан покажуваме зрелост дека и самите можеме да направиме нешто за регионот и за своите граѓани.

Владата на Република Северна Македонија ќе продолжи да гради ја врати позитивната клима на соработка, доверба и почитување меѓу државите во регионот. Ќе отвориме 6 нови гранични премини со соседите со цел да овозможиме полесна комуникација на пограничните места и тоа Стрезимир – Рестелица (со Косово), Мајден – Промахи и Маркова Нога (со Грција), Клепало (со Бугарија), Лојане – Миратовац и Голеш – Босилиград (со Србија) и Џепиште – Требиште (со Албанија).

Преспа како географски регион обединува три држави, три нации, различни етнички групи, јазици, традиции, култури. Нејзиното богатство од различности ги обединуваат исклучителните природни богатства и културно историското наследство.

Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците и Министерството за надворешни работи заеднички ќе воспостават меѓународен форум за решавање меѓународни и внатрешни отворени прашања од каде ќе произлезат нови инцијативи за регионална соработка во духот на Охридскиот и Преспанскиот Договор. Конкретно, Владата ќе започне постапка за изградба на Преспа – Регионален центар за дијалог каде во иднина ќе се одржува Преспа – Форум за дијалог.

Водејќи препознатлива политика, активно ќе учествуваме во работата на Совет на Европа, ООН, ОБСЕ, СТО, УНЕСКО како и во сите останати меѓународни организации во кои членуваме, ќе настојуваме да го промовираме успешниот модел на меѓуетничките односи во земјата и добрососедска политика.

Република Северна Македонија е кредибилен партнер во борбата против тероризам и членка на Глобалната коалиција за победа над ИСИС. Во таа насока силно ја поддржува улогата на НАТО во борбата на меѓународната заедница против тероризмот.

Во надворешната политика, Владата ќе усвои Стратегија за јавна дипломатија која внимателно ќе ги одреди целите и насоките, како и задолженијата на сите засегнати и надлежни институции, и ќе ги усогласи надворешно-политичките цели и националната политика. Во изготвување на оваа стратегија покрај претставници од владините институции ќе бидат вклучени и невладините и меѓународните организации. Ќе формираме Мрежа на наши успешни државјани во странство и ќе ги повикаме да помогнат во нашите напори за промоција на државата. Ќе направиме и таргетирана промоција на економските, културни и туристички потенцијали: „Земја на можности" (со акцент на новите успеси во културата: Оскари, Евровизија).

Владата ќе продолжи да инвестира во квалитетна дипломатска мрежа, со оптимизација на дипломатските претставништва и зајакнати човечки и технички капацитети во нив. Во Секторот за јавна дипломатија ќе се врши конкретна и темелна подготовка на дипломатскиот кадар со елементи за нивното дипломатско делување во насока на јавната, културната и економската дипломатија.

Економската дипломатија ќе биде важен приоритет од севкупната дипломатска активност. Во таа насока, концептот и акцискиот план се веќе изработени и одобрени од страна на Владата, а ќе се интензивираат и обуките за економските советници. Како земја која цврсто застанува во поддршката на мултилатерализмот, како една од највbooжните цивилизациски придобивки на современото време планираме активно учество во сите мултилатералните организации. Претседавање со ОБСЕ во 2023 година е голем дипломатски успех, кое нуди можност за едно ново, подобро меѓународно позиционирање на Република Северна Македонија. Покрај ОБСЕ, земјава ќе преземе обврска и амбиција да го подигне нивото на нашето учество и во Советот на Европа, и во телата на Организацијата на Обединетите нации, како и во сите останати мултилатерални форуми кои ги делат заедничките вредности со нашите меѓународни пријатели и партнери.

Владата веќе ја донесе првата Национална стратегија за соработка со дијаспората. Со тоа поставивме силен мост кој ќе резултира со квалитетна и конструктивна соработка помеѓу државата и дијаспората во повеќе области, како: политичко-правни и конзуларни прашања, економија, образование, наука, млади и култура. Владата ќе продолжи да обезбедува финансиска поддршка за проекти од дијаспората како преку 50 проекти во изминатите 3 години. Притоа, за почетни инвестициски вложувања, споредбено со домашните и странските инвеститори, за инвеститорите од дијаспората финансиската поддршка од државата е поголема за 10%.